На вработениот во општината и локалната јавна установа во случај на смрт на член од потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување) му припаѓа парична помош во износ на една просечна месечна нето-плата по работник во републиката објавена до денот на исплатата.

Надоместоците од став 2 и став 3 од овој член се исплатуваат по претходно доставено барање со комплетна документација во годината на настапување на смртта, односно во годината која следи по годината настапување на смртта и донесено решение од Градоначалникот на општината.

За работниците ангажирани со договори за отстапување на работник за привремени вработувања, средствата за исплата на помошта од ставовите 2 и 3 на вработените ги обезбедува работодавачот, а исплатата ја врши Приватната агенција за вработување.

Член 17

Користењето на средствата од Буџетот на општината за вршење на функциите се извршува со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, со ситуација и други документи почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди и фискални сметки во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во поединечни износи до 6.000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

Член 18

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделни програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината, а финансирањето ќе се врши врз основа на решенија од Градоначалникот согласно средствата предвидени во буџетот на општина М.Каменица за 2026 година и тоа:

-за еднократна парична помош
-за новороденчиња
-за развој на културата, спортот и екологијата
-за парична помош на месните заедници.

Дополнително финансирање на единките корисници во случај на недистиг на средства ќе се врши преку општинските подсметки 603 со одобрување на план за трошење во рамките на планираните средства во Буџетот на општината.

Член 19

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на работните места на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на општината.

Градоначалникот на општината дава писмено известување за обезбедените средства.

Во делот на пренесените надлежности, во локалните јавни установи од областа на образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации согласност за нови вработувања се дава доколку се обезбедени средства во Буџетот на РСМ за тековната година, за кои писмено известување ќе даде Министерството за финансии, врз основа на барање од Градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација.

Вработувања за кои се обезбедени средства во основниот буџет на општината за тековната фискална година писмено известување ќе даде Градоначалникот на општината.

Во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации, истите се должни да достават известување до Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

Член 20

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделните програми подпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

Член 21

За користење на средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна) одлучува Советот на општината а ги извршува Градоначалникот на општината.

За искористените средства Градоначалникот поднесува годишен извештај за користење на средствата од резервите.

Член 22

Средствата утврдени во поодделни Програми донесени од Советот на општината и истите целосно или делумно се извршуваат од страна на јавните претпријатија чиј основач е општината, за реализација на истите Градоначалникот склучува договор со соодветно јавно претпријатие за уредување на меѓусебните права и обврски и уредување на начинот на извршување на доверените работи, стоки и услуги.

Член 23

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на

кои се уплатени, а доколку такви приходи нема тогаш на товар на другите приходи на буџетот.

Повратна на погрешно или повеќе уплатените приходи се врши со решение на Градоначалникот освен кога надлежноста им припаѓа на други орагани.

Член 24

Буџетот на општина М.Каменица се извршува од 01.01.2026 година до 31.12.2026 година.

Член 25

Оваа одлука влегува во сила по објавувањето во „Службен гласник на општина Македнска Каменица" а ќе се применува од 1 Јануари 2026 година.

Бр. 08-3366/1
29.12.2025 г.
М.Каменица

Совет на општина М.Каменица
Претседател
Злате Алексовски с.р

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица"бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлука

1. Се прогласува Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на административните службеници за 2026 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица".

Бр.09-3367/1
29.12.2025 г.
М.Каменица

Градоначалник
Соња Стаменкова с.р

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24, 210/24) и член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Македонска Каменица („Службен гласник на општина Македонска Каменица" број 20/19, 38/20, 33/24) Советот на општина Македонска Каменица на 4^{та} седница на Совет одржана на ден 29.12.2025 година донесе:

Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на

административните службеници за 2026 година

Член 1

Со оваа одлука се утврдува вредноста на бодот на платите на административните службеници во општина Македонска Каменица за 2026 година.

Вредноста на бодот на платите на административните службеници за 2026 година во општина Македонска Каменица изнесува 81,60 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“, а ќе се применува со исплатата на плата за јануари 2026 година.

Бр. 08-3368/1 **Совет на општина М.Каменица**
29.12.2025 г. **Претседател**
М.Каменица **Злате Алексовски с.р**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Буџетски календар

1. Се прогласува Буџетскиот календар за подготовка и донесување на Буџетот на општина Македонска Каменица за 2027 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-3369/1 **Градоначалник**
29.12.2025 г. **Соња Стаменкова с.р**
М.Каменица

Врз основа на член 27 точка 4 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија“ број 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24, 37/25) и член 20 од Статутот на општина Македонска Каменица („Службен гласник на општина Македонска Каменица“ број 20/19, 38/20, 33/24), Советот на општина Македонска Каменица на 4^{та} седница на одржана на ден 29.12.2025 година донесе:

БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР

За подготовка и донесување на Буџетот на општина Македонска Каменица за 2027 година

Ред. бр.	Буџетски активности	Период/месец
1.	Изготвување на буџетски календар и одобрување од страна на Советот на општината.	Декември 2025 година – март 2026 година
2.	Министерот за финансии доставува	Најдоцна до 30

	Буџетски циркулар во кој се содржани главните насоки за изготвување на општинскиот буџет за наредната година, со дадени максимални износи на сопствени приходи во основниот буџет и висината на наменските и блок дотации.	септември 2026 година
3.	Градоначалникот и Одделението за финансиски прашања се состануваат за да ги одредат приоритетите и одредбите на буџетот за наредната година. Се прави анализа на финансискиот капацитет на општината – проценка на сопствените приходи и капацитети. Се прави комуникација со клучните одделенија во општината се со цел да се утврдат нивните фискални потреби (буџетски трошења) и со тоа да се определат целите / приоритетите / активностите на секое од општинските одделенија.	Октомври 2026 година
4.	Се изготвува предлог на план на програми за развој за Буџетот на општина Македонска Каменица за 2027 година и Градоначалникот го доставува до Советот на општината за усвојување	Најдоцна до 20 октомври 2026 година
5.	Советот на општината го донесува Планот на програмите за развој на Буџетот на општина Македонска Каменица за 2027 година.	Најдоцна до 15 ноември 2026 година
6.	Општинската администрација доставува прегледи за висината на блок дотација за пренесени надлежности за 2027 година и барања до единките корисници за доставување на нивни предлог буџети за 2027 година.	Ноември 2026 година
7.	Одделението за финансиски прашања изготвува предлог општински буџет врз основа на предлозите од општинската администрација и единките корисници, се одржуваат разговори и состаноци за разгледување и утврдување на предлог буџетите од општинската администрација и нивно усогласување со дадените насоки во Буџетскиот циркулар од Министерството за финансии.	Ноември/декември 2026 година
8.	Градоначалникот го разгледува и одобрува Предлог–Буџетот подготвен од страна на Одделението за финансиски прашања.	Ноември/декември 2026 година
9.	Предлог – буџетот се доставува до Советот за негово разгледување и усвојување.	Декември 2026 година
10.	До Советот се доставува конечен предлог-буџет од страна на Градоначалникот.	Декември 2026 година
11.	Се води расправа во телата на општината.	Декември 2026 година

12.	1.Се одржува седница на Советот на општината за донесување на буџетот за наредната година; 2.Доколку Советот не го усвои предлог-буџетот се донесува одлука за времено финансирање согласно член 28 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија“ број 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24, 37/25).	Декември 2026 година
13.	Започнува нова Буџетска година	01 јануари 2027

Буџетскиот календар влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр. 08-3370/1 **Совет на општина М.Каменица**
29.12.2025 г. **Претседател**
М.Каменица **Злате Алексовски с.р**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Програма

1. Се прогласува Програмата за работа на Советот на општина Македонска Каменица за 2026 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-3371/1 **Градоначалник**
29.12.2025 г. **Соња Стаменкова с.р**
М.Каменица

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Р.М“ број 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 20 од Статутот на општина Македонска Каменица („Службен гласник на општина Македонска Каменица“ број 20/2019, 38/20 година и 33/24), Советот на општина Македонска Каменица на 4та седница одржана на ден 29.12.2025 година донесе:

П Р О Г Р А М А
за работа на Советот на општина Македонска Каменица за 2026 година

1. ОПШТДЕЛ

Според надлежностите што се определени со Уставот на Република Македонија, Законот за локална самоуправа, Статутот и Деловникот за работа на Советот на општина

Македонска Каменица, Советот донесува Програма за работа за 2026 година.

Во програмата се обележани основните рамки и насоки за работа на Советот во календарската 2026 година согласно надлежностите кои се во ингеренции на Советот на општина Македонска Каменица. Програмата овозможува транспарентност во работата на Општината и е отворена за постојано проширување и дополнување согласно со укажувања на заинтересирани субјекти и поединци од општината.

2. ПОСЕБЕН ДЕЛ

2.1. Прво тромесечие-период Јануари-Март 2026 година

1.Извештај за реализирање на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Македонска Каменица за 2025 година.
Изработува: Општинска администрација
Донесува. Совет на Општина Македонска Каменица.
2.Извештај за реализирање на Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Македонска Каменица за 2025 година.
Изработува: Општинска администрација
Донесува: Совет на Општина Македонска Каменица.
3.Извештај за реализирање на Програмата за изработка, измени и дополнување на Урбанистички планови на територијата на Општина Македонска Каменица за 2025 година.
Изработува: Општинска администрација
Донесува: Совет на Општина Македонска Каменица.
4.Извештај за реализација на Програмата за изградба на водоводна и канализациона мрежа во општина Македонска Каменица во 2025 година.
Изработува: Општинска администрација
Донесува: Совет на Општина Македонска Каменица.
5.Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Македонска Каменица во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита за 2025 година.
Изработува: Општинската администрација -ТППЕ
Донесува: Совет на Општина Македонска Каменица.
6.Извештај за работењето на ЈП „Камена Река“ Македонска Каменица со годишна пресметка за период од 01.01. 2025 година до 31.12.2025 година.
Изработува: ЈП „Камена Река“ Македонска Каменица
Донесува: Управен одбор на ЈП Камена Река Македонска Каменица.
Дава согласност: Совет на Општина Македонска Каменица
7.Извештај за работењето на ЈП „Доминг“ Македонска Каменица за 2025 година
Изработува: ЈП Доминг Македонска Каменица
Донесува: Управен одбор на ЈП „Доминг“ Македонска Каменица
Дава согласност: Совет на Општина Македонска Каменица
8.Извештај за работата на:ОУ „Св.Кирил и Методиј” Македонска Каменица за 2025 година
Изработува: Општинската јавна установа
Донесува: Училишниот одбор на установата.
Дава согласност: Совет на Општина Македонска Каменица
9.Извештај за работата на: Детска градинка „Бамби” Македонска Каменица за 2025 година
Изработува: Општинската јавна установа
Донесува: Училишниот одбор на установата.
Дава согласност: Совет на Општина Македонска Каменица
10.Завршна сметка на: ОУ „Св.Кирил и Методиј” Македонска Каменица за 2025 година
Изработува: Општинската јавна установа
Донесува: Училишниот одбор на установата.
Дава согласност: Совет на Општина Македонска Каменица
11. Завршна сметка на: Детска градинка „Бамби” Македонска Каменица за 2025 година
Изработува: Општинската јавна установа
Донесува: Училишниот одбор на установата
Дава согласност: Совет на Општина Македонска Каменица
12. Завршна сметка на Буџетот на: Општина Македонска Каменица за 2025 година.
Донесува: Совет на Општина Македонска Каменица
Изработува: Општинска администрација
Дава согласност: Совет на Општина Македонска Каменица

2.2. Второ тромесечие - период Април-Јуни 2026 година

1.Програма за одбележувања на значајни празници, настани и личности.
Изработува: Одбор за одбележување на значајни празници, настани и личности.

Донесува: Совет на Општина Македонска Каменица
2.Информација за состојбата на спортските терени и објекти со предлог на мерки.
Изработува: Комисија за јавни дејности.
Усвојува: Совет на Општина Македонска Каменица
3.Информација за целокупниот имот на Општина Македонска Каменица
Изработува: Општинска администрација
Усвојува: Совет на Општина Македонска Каменица
4.Извештај за извршување на Буџетот на Општна Македонска Каменица за прво тромесечие во 2026 година.
Изработува: Општинска администрација.
Усвојува: Совет на Општина Македонска Каменица.
5.Донесување, изменување и дополнување на урбанистичките планови во Општина Македонска Каменица во текот на 2026 година. Реализацијата ќе биде во текот на целата година согласно постапките за нивно донесување.

3.3.Трето тромесечие-период Јули-Септември 2026 година

1.Програма за прославување на 28 Август
Изработува: Одбор за одбележување на значајни празници, настани и личности, во соработка со КИЦ Романса
Усвојува: Совет на Општина Македонска Каменица
2.Извештај за извршување на Буџетот на Општина Македонска Каменица за второ тромесечие во 2025 година
Изработува: Општинска администрација.
Усвојува: Совет на Општина Македонска Каменица
3.Информација за наплата на комуналните такси во 2026 година
Изработува: Оделение за финасии, даноци и ЛЕР
Усвојува: Совет на Општина Македонска Каменица

4.4.Четврто тромесечие-период Октомври-Декември 2026 година

1.Информација за почетокот на школската година, состојбите во предшколските установи. основните училишта и средното училиште
Изработува: Комисија за јавни дејности.
Усвојува: Совет на Општина Македонска Каменица
2.Годишна програма за работа на: ОУ „Св. Кирил и Методиј" Македонска Каменица за 2026/2027 година
Изработува: Општинска јавна установа.
Донесува: Училишниот одбори на установата.
Усвојува: Совет на Општина Македонска Каменица
3.Годишна програма за работа на: Детска градинка „Бамби" Македонска Каменица за 2026/2027 година
Изработува: Општинска јавна установа.
Донесува: Училишниот одбор на установата
Усвојува:СоветнаОпштинаМакедонскаКаменица
4.Годишна програма за работа на: Средно општинско училиште „Миле Јаневски-Џингар" за 2026/2027 година
Изработува: Општинска јавна установа
Донесува: Училишниот одбор на установата
Усвојува: Совет на Општина Македонска Каменица
5.Програмата за работа на КИЦ „Романса" за 2027 година.
Изработува: КИЦ Романса
Донесува: Совет на Општина Македонска Каменица.
6.Извештај за извршување на буџетот на општина Македонска Каменица трет квартал со развојни програми
Изработува: Општинска администрација
Донесува: Совет на Општина Македонска Каменица.
7.Програма за одржување на улиците во зимски услови во Општина Македонска Каменица за 2026/2027 година
Изработува: Општинска администрација
Донесува: Совет на Општина Македонска Каменица.
8.Буџет на Општина Македонска Каменица за 2027 година
Изработува: Општинска администрација

Донесува: Совет на Општина Македонска Каменица
9.Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Македонска Каменица за 2027 година.
Изработува: Општинска администрација
Донесува: Совет на Општина Македонска Каменица
10.Програмата за комунални дејности на Општина Македонска Каменица за 2027 година
Изработува: Општинска администрација
Донесува: Совет на Општина Македонска Каменица
11.Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Македонска Каменица за 2027 година.
Изработува: Општинска администрација
Донесува: Совет на Општина Македонска Каменица
12.Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Македонска Каменица за 2027 година.
Изработува: Општинска администрација
Донесува. Совет на Општина Македонска Каменица
13.Програма за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Македонска Каменица за 2027 година.
Изработува: Општинска администрација
Донесува. Совет на Општина Македонска Каменица
14.Програма за изградба на водоводна и канализациона мрежа во општина Македонска Каменица во 2027 година.
Изработува: Општинска администрација
Донесува. Совет на Општина Македонска Каменица
15.Програмата за активностите на Општина Македонска Каменица во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита за 2027 година.
Изработува: Општинска администрација
Донесува: Совет на Општина Македонска Каменица.
16.Програмата за активностите на Општина Македонска Каменица во областа на подршката на НВО секторот за 2027 година.
Изработува: Општинска администрација
Донесува: Совет на Општина Македонска Каменица.
17.Програмата за активностите на Општина Македонска Каменица во областа на локален економски развој за 2027 година.
Изработува: Општинска администрација
Донесува: Совет на Општина Македонска Каменица.
18.Програмата за активностите на Општина Македонска Каменица во областа на промоција и комуникација со јавноста за 2027 година
Изработува: Општинска администрација
Донесува: Совет на Општина Македонска Каменица.
19.Програмата за активностите на Општина Македонска Каменица во областа на меѓународната соработка за 2027 година.
Изработува: Општинска администрација
Донесува: Совет на Општина Македонска Каменица.
20.Програмата за активностите на Општина Македонска Каменица во областа на спорт и млади за 2027 година.
Изработува: Општинска администрација
Донесува: Совет на Општина Македонска Каменица.
21.Програмата за активностите на Општина Македонска Каменица во областа на социјалната заштита за 2027 година.
Изработува: Општинска администрација
Донесува: Совет на Општина Македонска Каменица.
22.Програмата за активностите на Општина Македонска Каменица во областа на културата за 2027 година.
Изработува: Општинска администрација
Донесува: Совет на Општина Македонска Каменица.
23.Програмата за активностите на Општина Македонска Каменица во областа на образованието за 2027 година.
Изработува: Општинска администрација
Донесува: Совет на Општина Македонска Каменица.
24.Програмата за работа на ТППЕ Македонска Каменица за 2027 година.
Изработува: ТППЕ Македонска Каменица
Донесува: Совет на Општина Македонска Каменица.

3. НОРМАТИВЕН ДЕЛ

Со овој дел од Програмата за работа на Советот на Општина Македонска Каменица се обработува нормативната дејност на Советот што треба да се извршува во текот на 2026 година, која се однесува во донесување на нормативни акти за усогласување на постојните прописи во изминатиот период од страна на Советот врз основа на прописите што ќе бидат донесени во 2026 година.

4. ЗАВРШЕН ДЕЛ

Во текот на 2026 година, Советот на Општина Македонска Каменица ќе ги разгледува и сите дополнителни прашања што ќе произлезат до тековното работење на ЕЛС Македонска Каменица. Извршувањето на програмата ќе зависи од законските и финансиските услови.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр. 08-3372/1 **Совет на општина М.Каменица**
29.12.2025 г. **Претседател**
М.Каменица **Злате Алексовски с.р**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Програма

1. Се прогласува Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти на подрачјето на општина Македонска Каменица за 2026 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-3373/1 **Градоначалник**
29.12.2025 г. **Соња Стаменкова с.р**
М.Каменица

Врз основа на член 40 од Законот за просторно планирање (Сл. весник на РСМ бр.32/2020, 111/23,171/24,224/24 40/25), и член 20 од Статутот на Општина Македонска Каменица (Сл. гласник на општина М. Каменица бр. 20/19, 38/20 и 33/2024), Советот на општина М. Каменица на 4^{та} седница одржана на ден 29.12. 2025 година донесе:

П Р О Г Р А М А

За изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти на подрачјето на општина Македонска Каменица за 2026 година

I

Урбанистичкото планирање е континуиран процес кој се обезбедува со донесување и спроведување на урбанистички планови и урбанистичко-планска документација со цел да се обезбеди уредување и хуманизација на просторот и

заштитата и унапредување на животната средина и природата и е дел од системот на просторно и урбанистичко планирање, што се состои од Просторниот план на РСМ и просторните планови за негово спроведување, како и од урбанистичките планови и актите за нивно спроведување.

Изработувањето, донесувањето и спроведувањето на урбанистичките планови, урбанистичко планските документации и урбанистичко проектните документации се работи од јавен интерес.

Урбанистичкото планирање ги уредува границите на населените места и границите на планираните градби вон населените места, организацијата, намената, начинот на употребата на просторот и замјиштето и начинот и условите за изградба на планираните градби во и вон границите на населените места, како и сообраќајната и секоја друга инфраструктура, заштита и уредување на животната средина, недвижното културно наследство и други аспекти на социјална, економска и еколошка одржливост на човечките населби.

Урбанистичкото планирање функционира за остварување на целите чие остварување се обврска на сите учесници во процесот на изработување, донесување и спроведување на урбанистичките планови и тоа:

-рамномерен просторен развој, рационално уредување и користење на просторот, создавање и унапредување на условите за хумано живеење и работа на граѓаните, надминување на урбаните бариери, одржлив просторен развој, сочувување на квалитетот и унапредување на животната средина и природата, справување со климатските промени, сочувување и заштита на недвижното културно наследство и безбедност од природни и технолошки катастрофи и хаварии.

Согледувајќи ги насоките за развој на општината и потребите на правни и физички лица, а со цел овозможување на градби и комплекси на подрачјето на Општина Македонска Каменица согласно законската регулатива, изработена е годишна програма за изработка на урбанистички планови, урбанистичко планска документација и урбанистичко проектна документација.

Изработката на урбанистичките планови од програмата се финансира од Буџетот на Општината и од заинтересирани правни и физички лица чиишто програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за Општината.

Исклучок од ова се урбанистичките планови за села кои се финансирани од Агнецијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

Заради поттикнување и забрзување на процесот на уредување на просторот и според потребите и обезбедувањето на финансиски средства од буџетот на општината, општина Македонска Каменица донесува годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови со кои се врши изменување и дополнување за неколку локалитети.

II

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

1. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

Детелен урбанистички план е урбанистички план кој се донесува за плански опфат за кој е донесен генерален урбанистички план. Деталниот урбанистички план како план од пониско ниво, мора да биде усогласен со генералниот урбанистички план.

Детален урбанистички план е урбанистички план кој се донесува за опфат за кој е донесен Генерален урбанистички план.

Во меѓувреме досега се вршени измени и дополнувања на ДУП за неколку локалитети (ДУП за населба ,, Цинкара,, во 2000 год , ДУП за ,, Дел од централното градско подрачје,, во 2009 год, ДУП за локалитет ,, Горна река,, и ,, Долна река,, во 2011 год, ДУП за локалитет ,, околу улица ,, Индустриска,, во 2012 год како и неколку помали локалитети од по 1,0 до 2,0 ха, во населба – Цинкара, дел од урбан блок 9 и др.), измена и дополна на блок 1 и блок 2 , дел од централното градско подрачје. Вкупно се извршени измени и дополнувања на ДУП изработен во 1983 год за околу 80,00 ха.

Во оваа годишна програма се планирани следниве локалитети:

1. **Локалитет за блок 5** – опфатот дефиниран со граница на крајбрежен појас, осовина на ул.Самоилова, ул.Осоговска,ул.Гоце Делчев и ул.Каменичка ;

2. **Локалитет за блок 8** - опфатот дефиниран со осовина на ул.Каменичка, западна граница на КП бр.3634 и граница на плански опфат;

3. **Локалитет за блок 13** - м.в.Ливада, опфатот дефиниран западно од улица Церска (осовина на ул.Церска, западна граница на КП бр.3793 и граница на плански опфат.);

4. **Локалитет за блок 14** - опфатот дефиниран со осовина на ул.Церска, ул.Миле Јаневски-Џингар, ул.Индустриска и граница на плански опфат;

5. **Локалитет за блок 15** –опфат дефиниран со осовина на улица Индустриска, улица Миле Јаневски Џингар и улица Церска;

6. **Локалитет за блок 2 -** опфатот дефиниран со осовини на улиците Гоце Делчев, Осоговска, Првомајска, Каменичка река, Руенска и Маршал Тито;

2.УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛА

Урбанистики план за село е урбанистички план кој се донесува за населено место село, утврдено со закон. Во претходниот период се донесени урбанистички планови за село Цера (кај локалитет Еленец и маали Доколенковци и Гергинци) и Урбанистички план за село Дулица.

Локалитети кои се предвидени се следниве:

1. Урбанистички план за село Луковица;

2. Урбанистички план за село Моштица;

3. Урбанистички план за село Саса;

Согласно член 14 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/2020) и член 37, член 39 и член 42 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.225/2020) за погоренаведените урбанистички планови за села Луковица, Моштица и Саса ќе се работи тип на урбанистички план за средно развиено село.

Во програмата дополнително можат да се вградат локалитети за изработка на урбанистики план за села според програмските барања на општината и локалитети на кои ќе можат да бидат реализирани барања на заинтересирани физички и правни лица, прифатливи за општината.

3.УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНИ МЕСТА

Урбанистички план за вон населено место е урбанистички план кој се донесува за групи на градби и комплекси, поголеми градби или инфраструктурни градби од локално значење, кои се наоѓаат вон населено место, односно кои не се опфатени ниту со генерален урбанистички план, ниту со урбанистички план за село.

Со овој план се уредува намената и начинот на користење на просторот, како и услови за градење на комплекси и градби вон од градовите и другите населени места.

Локалитети кои се предвидени се следниве:

1.Урбанистички план вон населено место (УПВНМ) за комплекс на рудник Саса КО Саса, општина Македонска Каменица.

III

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ

Урбанистички проект е планско-проектна документација што се изработува врз основа на донесен урбанистички план и служи за негова разработка и спроведување. По исклучок на погоренаведеното урбанистички проект вон опфат на урбанистички план се изработува врз основа на Просторниот план на РСМ.

Урбанистички проект е планско-проектна документација што се изработува врз основа на урбанистички планови од член 10 став 1 точка 2,3,4 и 5 и служи за нивна разработка и спроведување. Со урбанистичкиот проект се врши детално разработување на градежни парцели и на градежно земјиште за општа употреба за кои во урбанистичките планови не се дадени детални одредби за градење и уредување на земјиштето.

Во зависност од видот и намената на градежното земјиште и градбите што се предмет на разработка, урбанистичкиот проект може да биде: урбанистички проект за парцелирано земјиште, урбанистички проект за градежно земјиште за општа употреба, урбанистички проект за стопански и индустриски намени, урбанистички проект за инфраструктура, урбанистички проект за село , урбанистички проект со план за перцелација и урбанистички проект вон на урбанистички планови.

Урбанистичките проекти ќе се донесуваат по потреба и според програмските барања на општината и на заинтересирани правни и физички лица.

1.Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласифицирана инфраструктура со намена Е3-локални депонии за одлагање на неопасен отпад, депонија за комунален отпад, општина Македонска Каменица.

IV

Програмата за изработка на урбанистички планови се финансира од буџетот на општина Македонска Каменица и од заинтересирани правни и физички лица, чии што програмски барања и подрачја на интерес ќе бидат прифатливи за општината.

Реализацијата на плановите од програмата ќе зависи од обезбедените финансиски средства од страна на општината и од заинтересираните правни и физички лица.

Програмата може да се дополнува согласно планираните активности и настанатите потреби, како и од позитивно одговрените барања на заинтересирани лица.

V

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во “Службен гласник на општина Македонска Каменица”.

Бр. 08-3374/1
29.12.2025 г.
М.Каменица

Совет на општина М.Каменица
Претседател
Злате Алексовски с.р

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Програма

1. Се прогласува Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Македонска Каменица во 2026 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09- 3375/1 **Градоначалник**
29.12.2025 г. **Соња Стаменкова с.р**
М.Каменица

Врз основа на член 94, член 95, член 96, член 97 и член 98 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Р.М.” бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и “Службен весник на Р.С.М.” бр.275/19, 101/21, 153/23, 61/24, 224/24, 233/24 и 87/25), а согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (“Службен весник на Р.М.” бр.193/16, 72/18 и 16/22), член 20 од Статутот на општина Македонска Каменица („Службен гласник на Општина Македонска Каменица” бр. 20/19, 38/20 и 33/24) Советот на општина Македонска Каменица на 4та седница одржана на ден 29.12.2025 година донесе:

П Р О Г Р А М А

за уредување на градежно земјиште на подрачјето

на Општина Македонска Каменица во 2026 година

ВОВЕД

Со оваа Програма се уредува:

I.Просторот кој е предмет на уредување;

II.Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежно земјиште;

III.Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура;

IV.Изворите на финансирањето на Програмата;

V.Пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште;

VI.Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште и неговата распределба;

VII.Начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата;

VIII.Начин на пресметување на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата;

IX.Пресметување на простор;

X.Надомест за изградба и реконструкција на комунални објекти на територијата на општината;

XI.Динамика на извршување на Програмата;

XII.Преодни и завршни одредби.

I. ПРОСТОР КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

Како простор кој е предмет на уредување со поблиско определување на земјиштето што се уредува се смета, изградено и неизградено земјиште на просторот на Општина Македонска Каменица прогласен како градежен реон и просторот на територијата на Општина Македонска Каменица надвор од градежниот реон.

II. ОБЕМОТ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И

РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Под обем на работите за подготвување и расчистување на градежно земјиште се подразбира:

II – 1 Подготвителни работи и

II – 2 Расчистување на градежно земјиште

II – 1 ПОДГОТВИТЕЛНИ РАБОТИ

Под подготвителни работи се подразбира:

1.Оформување на геодетска документација.

2.Извршување на основни геомеханички испитувања за градежни парцели каде ќе се градат објекти од комуналната инфраструктура.

II – 2 РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Расчистување на градежното земјиште на градежните парцели е со цел да се изврши опремување на градежната парцела со објекти од комуналната инфраструктура.

Под расчистување на градежното земјиште на градежната парцела се смета:

1.Решавање на имотно правните односи;

2.Решавање на станбените прашања на сопствениците кои живеат или вршат дејност како физичко лице во објектите што се уриваат;

3.Уривање на постојните градежни и други објекти на градежно земјиште (градежна парцела) и селидба на сопствениците со пренесување на покуќнината и опремата, уривање на објектите со транспорт на материјалот од уривањето до депо.

III. ОБЕМОТ И СТЕПЕНОТ НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИТЕ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

(1) Степенот на уреденост на градежното земјиште се определува според обемот на опременост на земјиштето со објекти на комуналната инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка до градежната парцела и може да биде основен, повисок и понизок од основниот степен на уреденост.

(2) Основен степен на уреденост со комунална инфраструктура опфаќа:
-непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улица со тротоари), пешачки патеки и други површини согласно урбанистички планови,

-подземна електрична мрежа,

-улично осветлување,

-водоводна мрежа,

-фекална канализација и

-атмосферска канализација.

(3) Повисок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура ги опфаќа објектите од точка (2) како и:

-ПТТ (оптичка-телекомунакациона) мрежа,

-топлификациона мрежа,

-паркинг простори,

-гасоводна мрежа и

-пречистителна станица за отпадни води.

(4) Понизок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:

-непречен пристап до градежната парцела од некатегоризиран јавен пат,

-сопствено водоснабдување (нема приклучок на водоводна мрежа),

-септичка јама (нема приклучок на фекална канализација),

-сопствен одвод на атмосферски води (нема приклучок на атмосферска канализација),

-нестандарно улично осветлување,

-надземна нестандарна електрична мрежа.

IV. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА ПРИХОДИ – РАСХОДИ

1. Извори на финансирање
-Буџет на општина Македонска каменица

-Донации

2. Изградба и реконструкција на градски улици, патишта, тротоари, паркинзи и урбано уредување во Македонска Каменица;

Изработка на техничка документација и изградба на инфраструктурни објекти;

-Изградба на ул.,,Карпошова,, во Македонска Каменица,

-Изградба на ул.,,Питу Гули,, во Македонска Каменица,

-Изградба на дел од ул.,,Миле Јаневски,, во Македонска Каменица,

-Изградба на улица ,,број 6,, во локалитет Над Цинкара;

-Реконструкција на дел од ул.,,Осоговска,, во Македонска Каменица,

-Изградба на дел од ул.,,28 ми Август,, локалитет Горна река во Македонска Каменица,

-Изградба на улици во локалитет Ливада и локалитет Над Цинкара;

-Изградба-реконструкција на пристапна улица во Крапевска маала,

-Изградба на тротоари и паркинзи и бетонски работи на градски улици ,,Осоговска,, , ,,Каменичка,, , ,,Церска,, , ,,Илинденска,, , ,,Кејска,, , ул.,,14 ти Јуни,, до м.в.Павлиш Дол, ул.,,Индустриска,, и други.

-Изградба и реконструкција на спортски терени, детски игралишта и паркови и поставување на урбана опрема,

-Изградба на маалски пристапни патишта во градот Македонска Каменица,

-Изградба на пешачки и колски мостови на река Каменичка,

-доуредување на кеј на река Каменичка.

3. Изградба на капитални објекти
   Изработка на техничка документација и изградба на капитални објекти за:

   -изградба на Административна општинска зграда, изградба на објект за повеќе јавни намени;

4. Изградба и реконструкција на јавно осветлување на улици, паркинзи и тротоари во Македонска Каменица,
   -изработка на техничка документација за изградба и сообраќајни проекти за улици ;

   -изградба на јавно осветлување.

5. Изградба и уредување на полиња за нови градски гробишта во Македонска Каменица,

Напомена:
По потреба во текот на реализацијата на Програмата, може да се врши измена и дополнување на истата.

VI. Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе биде утврдена по зони кои се дадени во **Одлука за утврдување на зони на подрачјето на општина**

Македонска каменица донесена од Советот на општината со број 08-148/1 од 30.01.2015 година и тоа:

-**Зона за Централно подрачје**,

-**Зона за Вонцентрално подрачје** која го опфаќа просторот надвор од границите на Централно подрачје па се до границите на Генералниот урбанистички план (без маалските зони-стара Каменица и Долен Павлиш Дол) и

-**Зона за Населено и Воннаселено место** која го опфаќа просторот од границите на Генералниот урбанистички план со маалските зони-стара Каменица и Долен Павлиш Дол. Надоместокот за оваа зона ќе биде утврден за зона Населено и Воннаселено место каде има донесено урбанистичкопланска документација и зона Населено и Воннаселено место каде нема донесено урбанистичкопланска документација.

Пресметка на реални трошоци за висина на надоместок за уредување на градежно земјиште

-геодетски работи	30,00 ден/м2
-имотно правни работи (експропријација)	100,00 ден/м2
-планирање и проектирање	80,00 ден/м2
-улична мрежа и тротори	250,00 ден/м2
-водоводна мрежа	50,00 ден/м2
-фекална и атмосферска канализација	50,00 ден/м2
-електрична мрежа и трафостаници	50,00 ден/м2
-одржување и други непредвидени трошоци	30,00 ден/м2
ВКУПНО:	640,оо ден/м2

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште или надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти по зони ќе изнесува:

Зона за Централно подрачје

-за намена домување -880 ден/м2

-за деловна намена-1800 ден/м2

-за намена индустрија-6200 ден/м2.

Зона за Вонцентрално подрачје

-за намена домување -640 ден/м2

-за деловна намена-1460 ден/м2

-за намена индустрија-6200 ден/м2.

Зона за Населено и Воннаселено место

За зона со донесена урбанистичкопланска документација

-за намена домување -320 ден/м2

-за деловна намена-730 ден/м2

-за намена индустрија-6200 ден/м2.

За зона без донесена урбанистичкопланска документација

-за намена домување -180 ден/м2

-за деловна намена-410 ден/м2

-за намена индустрија-6200 ден/м2.

Цената која е предложена за деловните објекти во оваа програма ќе важи и при пренамена од станбен во деловен простор за сите локалитети соодветно на зоните на кои припаѓаат.

Висината за надоместокот за уредување на градежно земјиште при изградба на :

1. Објекти за производство на електрина енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија) -6200 ден/м2.
2. Објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели) -6200 ден/м2.
3. Објекти за производство на електрична енергија од ветерна енергија (ветерници)-1.200.000,00 ден за една ветерница.

Верските објекти ќе бидат ослободени од надоместок за уредување на градежно земјиште.

VII. НАЧИН ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА

Во Зоната за Централно подрачје средства ќе се употребуваат за изработка на техничка документација, експропријација на земјиште, изградба и реконструкција на градски улици, тротоари и паркинг простори, изградба и реконструкција на водоводна, канализациона и атмосферска мрежа, реконструкција на улично осветлување, поставување на урбана опрема.

Во Зоната за Вонцентрално подрачје средства ќе се употребуваат за изработка на техничка документација, експропријација на земјиште, изградба и реконструкција на градски улици, тротоари и паркинг простори, изградба и реконструкција на водоводна, канализациона и атмосферска мрежа, изградба и реконструкција на улично осветлување, поставување на урбана опрема и

Во Зоната за Населено и Воннаселено место средства ќе се употребуваат за изработка на техничка документација, експропријација на земјиште, изградба и реконструкција на локални патишта и улици, изградба и реконструкција на водоводна и канализациона мрежа, изградба и реконструкција на улично осветлување, поставување на урбана опрема.

VIII. Начин на пресметување на надоместокот за уредување на градежно земјиште на територија на Општина Македонска Каменица

(1) Висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште согласно член 2 од Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (Сл.весник на РМ бр. 193/16, 72/18 и 16/22), се пресметува по метар квадратен на новата корисна површина што ќе се гради, што претставува збир на нето површините на подовите на сите простори во објектот, согласно завереният основен проект и анекс на основниот проект, помножен со следните коефициенти:

1. За станбени објекти:
– станбени простории, 1,0,
– станбени простории со висина до 2,50м, потпокривен простор, 0,2
- лоѓија затворена од три страни, 0,4,
- подлогија затворена од две страни,0,3,
- балкони, тераси, 0,2,
- заеднички проодни тераси, пасажи, 0,2,
- помошни простории,остава за гориво, котлари, визба , 0,3,
- трафостаници до 35 Кв во објектот и надвор од ојектот, 0,3,
- скалишен простор и заеднички комуникации, 0,3,
- стражарници, управител, простории за домар, 0,5,
- паркиралишта и гаражи, 0,1.

2. За деловни и јавни објекти:
- простории, 1,0,
- магацини, 0,5,
- помошни простории, остава за гориво, котлара, 0,3,
- трафостаница до 35 Кв во објектот и надвор од објектот, 0,4,
- скалишен простор и заеднички комуникации, 0,5,
- паркиралишта и гаражи, 0,1,
- лоѓија затворена од три страни, 0,5,
- подлоѓија затворена од две страни, 0,4,
- балкони, тераси, 0,3 и
- отворен наткриен простор, 0,3.

3. За други објекти:
- катни гаражи, 0,05,
- спортски покриени објекти, 0,5,
- спортски откриени објекти,0,3,
-гасни станици и базни станици за 50% од површината на локацијата, 1,0,
- отворени пазаришта-за 30% од површината на локацијата, 1,0,
- базени, 0,2,
-трафостаници над 35 Кв, 1,0.

4. За објектите од група на класи на намени Г-производство,дистрибуција и сервиси:
-Г1 тешка и загадувачка индустрија, 0,05;
-Г2 лесна и незагадувачка индустрија, 0,01;
-Г3 сервиси, 0,01;
-Г4 стоваришта, 0,01;

5. За бензинска пумпна станица и нејзини придружни содржини (продавници, кафетерии и ресторани, авто сервиси, авто салони, помошни простории):
-продажни простории на бензинските пумпни станици 1,0,

-услужни простории на бензинските пумпни станици 1,0.

6. За објектите од група на класи на намени Б 5-угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одмаралишта, и за објектите од група на класи на намени А 4-хотел, мотел, времено сместување во викенд куќи, планинарски дом и ловен дом:
-сите простории 0,05;

7. За детски градинки, пензионерски домови и домови за стари лица:
-сите простории 0,05;

8. За објекти за високо образование:
-сите простории 0,5;

9. За објекти за култура:
-сите простории 0,01;

10. За објекти за терцијална здравствена заштита:
-сите простории 0,05;

11. За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија) 0,01 и

12. За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), за 50% од површината на градежната парцела 0,01.

(2) По исклучок од став (1) на овој член , во новата корисна површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација не се пресметуваат површините на:
- инсталационите канали,
- окната на лифтови,
- окна на врати и
- отворени паркиралишта.
- подземни резервоари
-објекти заштитени како културно наследство.

(3) За објектите од став 1 на овој член со височина над 32 ката, висината на трошоците за уредување на градежно земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина согласно став (1) и (2) од овој член. Висината на трошоците за уредување на градежно земјиште во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина согласно став (1) и (2) од овој член и за други објекти од став (1) на овој член без оглед на нивната височина, кои се наоѓаат на истата градежна парцела на која е предвидена изградба на објект со височина над 32 ката.

(4) За агро берзи, откупно дистрибутивни центри или пазари, висината на трошоците за уредување на градежно земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 50% од вкупно пресметаната површина согласно став (1) и (2) од овој член.

(5) За објектите од група на класи на намени Г-производство, дистрибуција и сервиси, висината на трошоците за уредување на градежно земјиште неможе да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Македонија за последната година, помножена со коефициентите утврдени во став (1) точка 4 од овој член.

(6) За линиски инфраструктурни објекти-државни патишта, локални патишта и улици, магистрални улици, собирни улици, водоводи, канализации, железнички пруги, гасоводи, топловоди, далноводи од напоско ниво од и над 35 КВ како и за брани со акумулации, термоцентрали, езерски и речни пристаништа и за доградби и надградби на објекти за кои е донесена одлука од страна на советот на општината, советот на општините во градот Скопје односно советот на градот Скопје согласно член 67-а став (1) од Законот за градење, а инвеститор е општината, општините во градот Скопје односно градот Скопје, не се утврдуваат трошоци за уредување на градежно земјиште.

(7) За објектите за производство на електрина енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден во став (1) точка 11 од овој член.

(8) За објектите за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 20% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден во став (1) точка 12 од овој член.

(9) За објекти за производство на електрична енергија од ветерна енергија (ветерници) висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 1.200.000 денари за една ветерница.

Доколку со изградбата на објекти предвидено е одстрнување на постоечки објекти запишани во имотен лист кои се наоѓаат на истата градежна парцела, при пресметувањето на висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, од новата корисна површина се одбива површината утврдена во имотниот лист на постоечките објекти кои ќе се одстранат со изградбата на новите објекти.

Во случаите од став (1) на овој член, површините на подпокривен простор, лоѓија, подлоѓија, балкони, тераси, заеднички проодни тераси, пасажи, помошни простории, визба, скалишен простор, заеднички комуникации, паркиралишта и гаражи на постоечките објекти се одбиваат само од новата корисна површина на објектот која е со иста намена со намената на површините на наведените простории и делови од објектот.

За лицата кои веќе имаат уплатено соодветен дел од надоместокот за уредување на градежното земјиште, досега уплатените средства ќе се пресметуваат како соодветен платен дел од надоместокот во м², според важечките цени во моментот на плаќањето. Останатиот неизмирен дел за кој не е извршено плаќањето, до денот на стапувањето во сила на оваа Програма ќе се применуваат цените согласно оваа Програма.

Инвеститорите кои надоместокот за уредување на градежното земјиште, ќе го уплатуваат на одложено плаќање, уплатениот дел од надоместокот ќе им се пресметува според важечките цени на денот на плаќањето на истите. Доколку во меѓувреме настанала промена на цената, согласно Програмата, акт на Советот на Општината или друг законски односно подзаконски акт, наплатата се пресметува според важечките цени на денот на плаќањето.

Договорот за уредување на градежното земјиште помеѓу Општината Македонска Каменица и инвеститорот се заклучува по целосната уплата на надоместокот за уредување на градежно земјиште.

Советот на Општина Македонска Каменица може да донесе Одлука за делумно или целосно ослободување од плаќање на надоместок за уредување на

градежно земјиште за објект од јавен интерес или за објект во индустриска зона по претходно доставен бизнис план со точно дефиниран број и динамика на остварени вработувања.

Општина Македонска Каменица при наплатувањето на надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе ги рефундира вложените средства на лицата кои во изминатиот период финансирале во изработката на деталните урбанистички планови, само во случај кога е во прашање општ јавен интерес и ако тоа било предвидено во тогашната програма.

При реконструкција со која не се добива нова станбена површина, надоместокот за уредување на градежното земјиште не се наплатува.

Корисникот на градежно земјиште мора да обезбеди согласност за приклучување на објектот на соодветната секундарна мрежа за индивидуална потрошувачка од соодветното комунално претпријатие и без согласност на Општината не може да се приклучи на инфраструктурните мрежи и објекти во Општината.

Доколку не добие согласност од комуналното претпријатие по писмен пат , Општината ќе склучи договор за регулирање на надоместокот за уредување на градежното земјиште само за оние секундарни мрежи од индивидуална потрошувачка за кои има писмена согласност.

По добивањето на дополнителната согласност надоместокот за уредување на градежното земјиште за оваа секундарна мрежа од индивидуалната потрошувачка се наплатува по просечени цени.

За висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште, се склучува Договор за регулирање на надоместок за уредување на градежното земјиште по писмена форма директно помеѓу корисникот на земјиштето од една страна и Општината од друга страна, по доставена проверена проектна документација и енергетски согласности.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за пренамена од станбен во друг вид простор се наплатува еднократно во висина на евентуалната разлика, а средствата се неповратни.

Во случај кога опремувањето на градежното земјиште е завршено во претходниот период за целосно уредено градежно земјиште, корисникот на земјиштето плаќа надоместок до висината на реалните трошоци за уредување – целосен надоместок.

Во случај кога градежното земјиште се доуредува (кога е изградена основната инфраструктурна мрежа, а на неа треба да се доизгради секундарна инфраструктурна мрежа) корисникот на земјиштето е должен да инвестира во нејзината изградба.

Во случај кога градежното земјиште делумно ќе се уредува или воопшто не се уредува, корисникот на земјиштето плаќа надоместок до висината на трошоците за делумно уредување на земјиштето – делумен надоместок или воопшто не плаќа надоместок.

Плаќањето на приклучок на водовод, канализација и електрика кон комуналните претпријатија паѓа на товар на инвеститорот.

Трошоците за опремување и изградба на објекти од комунална инфраструктура надвор од конкретната градежна парцела и трошоците за преместување на објекти од комунална инфраструктура за индивидуална и заедничка комунална потрошувачка, што корисникот ги извел и си ги изведува самоиницијативно без учество на Општината, а пред склучување писмени договори за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште и писмен договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура, не се признаваат, освен во локалитети каде биле бесправно изградени објекти, а со донесување на нови урбанистички планови, истите се вклопуваат.

За овие локалитети мора да има исправна техничка документација за изградените објекти од инфраструктура, оверено од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи примени од јавните комунални претпријатија. При ова се признаваат само трошоците – делот од надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградената инфраструктурна мрежа од индивидуална комунална потрошувачка.

Оваа изградена инфраструктурна мрежа мора да биде предадена на Локалната самоуправа; овозможи идно приклучување на нови идни корисници на земјиштето без надомест; а новите корисници на земјиштето да и надоместат на Локалната самоуправа целосен надоместок за уредување на градежното земјиште.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште може да се наплатува и по принцип на одложено плаќање, на еднакви месечни рати и процентуално учество од вкупниот износ со обезбедување на инструмент (клаузула) во договорот за сигурна динамика и гаранција за исполнување на договорната обврска. Во функција на принципот на одложено плаќање се воспоставуваат "прагови" во зависност од висината на долгот и рокот на одложеното плаќање кои се формирани на следниот начин:

-За вкупен износ на надоместокот до 30.000,00 денари надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе се плаќа при склучува на договорот во целост.

-За вкупниот износ на надоместокот од 30.000,00 денари до 100.000,00 денари надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе се плаќа 50% при склучување на договорот, а остатокот од 50% ќе се плаќа на 6 (шест) еднакви месечни рати.

- За вкупен износ на надоместокот над 100.000,00 денари надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе се плаќа 50 % при склучување на договорот, а остатокот од 50% ќе се плаќа на 12 (дванаесет) еднакви месечни рати.

При експропријација на земјиште и насади за изградба на улици може да се врши компензација на комуналиите со вредноста на експроприраниот имот.

Во поглед на одложено плаќање, присилна наплата каматата и застареноста на обврската за плаќање ќе се користи клаузулата од договорот помеѓу инвеститорот и органот на општината надлежен за уредување на градежно земјиште.

IX. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

1. Комунален надоместок за уредување на градежно земјиште за деловен простор од времен карактер се плаќа по Програма, како и за објекти од цврст материјал (стален карактер) само за корисна површина на деловен простор.

2.Надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа спрема оваа Програма во висина на износот што е утврден според локалитетот кој се уредува. т.е. зоната.

3. За изградба на нови објекти во дворно место или на местото на урнат објект се плаќа надоместок во висина утврдена со програмата, според локалитетот на кој се гради, намален за корисната површина на објектот кој се урива доколку истиот бил легално граден објект, и поседува уредна инвестиционо- техничка документација.

4.За доградба и надградба на објекти надоместокот за уредување на градежно земјиште се плаќа 100 % според Програмата.

5. За сите јавни објекти и инфраструктурни објекти на кои инвеститор ќе биде општина Македонска Каменица се ослободуваат од надоместок за уредување на градежно земјиште, а за секој објект пред издавање на одобрение за градење Градоначалникот на општина Македонска Каменица ќе донесе решение за ослободување од надоместок за уредување на градежно земјиште.

6. За изградба на објекти во село и вон населени места инвеститорите на станбени објекти, јавни објекти, деловни, стопански и индустриски објекти, помошни простории, гаражи и сл., инфраструктурни објекти, објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија), објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели) и објекти за производство на електрична енергија од ветерна енергија (ветерници) кои се градат надвор од урбано подрачје на населените места во

Македонска Каменица каде општината **нема изградено никаков степен на уреденост**, а планирањето, урбанизацијата и уредувањето на земјиштето сам го врши инвеститорот не се плаќа надоместок за уредување на градежно земјиште , а за секој објект пред издавање на одобрение за градење Градоначалникот на општина Македонска Каменица ќе донесе решение за ослободување од надоместок за уредување на градежно земјиште.

Овие инвеститори сами си го уредуваат градежното земјиште на потесната локација и си обезбедуваат приклучок на комуналната инсталација.

X. НАДОМЕСТ ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КОМУНАЛНИ ОБЈЕКТИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНАТА

1. Инвеститорите на комунални објекти и инсталации: улици, канализација, водовод, електромрежа, ПТТ мрежа, кабловска мрежа како и други видови објекти и инсталации ќе плаќаат надоместок во висина на вредноста на градежните работи и тоа за вредност:

до 100.000,00ден	1%	
од 100.000,00 до 500.000,00 ден	0.6%	но не помалку од 1.000,00ден
од 500.000,00 до 1.000.000,00 ден	0,5%	но не помалку од 3.000,00ден
од 1.000.000,00 до 5.000.000,00 ден	0,3%	но ме помалку од 5.000,00ден
над 5.000.000,00 ден	0,2%	

Висината на надоместокот на градежните работи ќе се определува со превземање на цените од тендерската документација.

Доколку Локалната самоуправа нема утврдени цени за определена градежна работа истата ќе се определи според просечната цена од три субјекти во тековниот период.

2. За изградба и реконструкција на комунални и инфраструктурни објекти и објекти од јавен интерес на подрачјето на општина Македонска Каменица на кои инвеститор ќе биде општина Македонска Каменица се ослободуваат од надоместок за уредување на градежно земјиште, а за секој објект пред издавање на одобрение за градење Градоначалникот на општина Македонска Каменица ќе донесе решение за ослободување од надоместок за уредување на градежно земјиште

XI. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување ќе зависи од створените правни и технички услови, како и од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште и другите средства.

Опремувањето на земјиштето ќе се врши по добивање на одобрение за градење на објекти од комуналната инфраструктура.

XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1.За спроведување на ова Програма надлежен е Градоначалникот на Општина Македонска Каменица.

2.Градоначалникот на Општина Македонска Каменица е должен за прераспоредувањето на средствата на работите од една во друга позиција во износ од над 20% да го информира Советот на Општина Македонска Каменица.

3. Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица".

Бр. 08-3376/1
29.12.2025 г.
М.Каменица

Совет на општина М.Каменица
Претседател
Злате Алексовски с.р

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица"бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Програма

1. Се прогласува Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта на подрачјето на општина Македонска Каменица за 2026 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица".

Бр.09-3377/1
29.12.2025 г.
М.Каменица

Градоначалник
Соња Стаменкова с.р

Врз основа на член 14 и член 34 од Законот за јавни патишта (Сл.весник на РМ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15,150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и 174/, 253/2023; 224/2024, и 135/2025) и член 20 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина Македонска Каменица" бр.20/19, 38/20 и 33/24), Советот на општина Македонска Каменица на 4^{та} седница одржана на ден 29.12.2025 година донесе:

ПРОГРАМА

ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА ЗА 2026 ГОДИНА

I. ЛОКАЛНИ ПАТНИ ПРАВЦИ

Во текот на 2026 година ќе продолжи реализацијата за локалните патни правци и ќе отпочне реализација на оние локални патишта чија реализација се уште не е отпочната а за кои е склучен договор во 2025 година и тоа:

- реконструкција на локален пат за поврзување на с. Цера и с.Саса

-реконструкција на локален пат за поврзување на с. Косевица и с. Моштица и крак во с. Косевица(Горанска М.)

- реконструкција на локален пат во с. Луковица(Ефендиска Маала)
- реконструкција на локален пат во с. Косевица(Врбачка-Паровска, Маала)
- реконструкција на локален пат во с. Цера(Гребенска Маала)
- реконструкција на дел од локален пат до с. Костин Дол
- изградба на Пристапен патр во с. Костин Дол-Папурица
- изградба на пристапен пат во М.Каменица-Ковачевска

Во текот на 2026 година е предвидена изграба на следните локални локални и пристапни патни правци:

1. Реконструкција на дел од локален отклон од А3 преку село Луковица до с. Костин Дол

2. Реконструкција на локален отклон од Р 1210 до с. Моштица-Селото

3. Изградба на локален пат спој помеѓу село Тодоровци и село Луковица;

4. Изградба на пристапен пат до нови градски гробишта во Македонска Каменица;

6. Изградба на маалски пристапни патишта во село Костин Дол-Јузунска маала и маала Осојанци, ,с. Косевица- Крак до Чутуранска маала и крак до Горна Чукаревска маала , село Цера-маала Шопје и с. Дулица-крак до Дулѓерска маала;

7. Пробивање, прочистување и тампонирање на пристапни маалски патишта и санирање на ударни дупки на постоечки локални патишта во с.Дулица, с.Цера, с.Саса, с.Моштица, с.Косевица, с.Костин Дол, с.Луковица и с.Тодоровци;

8. Реконструкција и изградба на цевасти и плочести пропусти и изградба на канавки/риголи за одведување на атмосферските води на локалните патишта во сите села во Македонска Каменица;

9. Зимско одржување на постоечката локална патна мрежа во општината,

10. Изработка на техничка документација за изградба и реконструкција на локални и маалски патишта.

Во текот на 2026 година по потреба ќе се работи и на други локални патни правци и улици доколку приливот на средства е поголем од потребниот-планираниот обем.

II. ПРИОРИТЕТ ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТНИ ПРАВЦИ

1. **Реконструкција на дел од локален отклон од А3 преку село Луковица до с. Костин Дол**

-За овој локален пат отпочната е изработка на техничка документација. Во текот на оваа година ќе се обезбедат потребните согласности и одобренија и ќе спроведе тендерска постапка и ќе се отпочне со изградба. Средства ќе се обезбедат од буџетот на општината или од донации;

2. Реконструкција на локален отклон од Р 1210 до с. Моштица-Селото

-За овој локален пат е изготвена техничка документација. Во текот на оваа година ќе се спроведе тендерска постапка и ќе се отпочне со изградба. Средства ќе се обезбедат од буџетот на општината или од донации;

3. **Изградба на пристапен пат до нови градски гробишта во Македонска Каменица;**

За овој пристапен пат треба да се изработи техничка документација. Во текот на оваа година ќе се спроведе тендерска постапка и ќе се отпочне со изградба. Средства ќе се обезбедат од буџетот на општината или од донации;

4. **Изградба на локален пат спој помеѓу село Тодоровци и село Луковица;**

За овој локален пат е изготвена техничка документација. Во текот на оваа година ќе се спроведе тендерска постапка и ќе се отпочне со изградба. Средства ќе се обезбедат од буџетот на општината или од донации

III.ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И ОБЈЕКТИТЕ НА ИСТИТЕ

Зависно од временските услови (порои и наноси на локалните патишта), локалните патишта ќе се одржуваат според потребите со чистење на наноси од материјал, чистење на канавки, пропусти, поправки на оштетени делови и крпење на ударни дупки на асфалтираните патишта.

Во зимски услови одржувањето на патиштата ќе биде зависно од потребите и приоритетите дадени во Годишните програми за заштита и спасување и редовно чистење на снегот на целата територија на општината.

Средствата за одржување на локалните патишта ќе се обезбедуваат од буџетот на општина Македонска Каменица за 2026 година.

Завршни одредби

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр. 08-3378/1
29.12.2025 г.
М.Каменица

Совет на општина М.Каменица
Претседател
Злате Алексовски с.р

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Програма

1. Се прогласува Програмата за изградба на водоводна и канализациона мрежа во општина Македонска Каменица во 2026 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09- 3379/1 **Градоначалник**
29.12.2025 г. **Соња Стаменкова с.р**
М.Каменица

Врз основа на член 94 и член 95 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Р.М.” бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на Р.С.М.” бр.275/19, 101/21, 153/23, 61/24, 224/24, 233/24 и 87/25), член 11 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Сл. весник на РМ“ бр.68/2004, 28/2006, 103/2008, 17/11, 54/11, 163/13, 10/2015, 147/2015, 31/2016, 95/2019 и 21/2021) и член 20 од Статутот на општина Македонска Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица бр.20/19, 38/20 и 33/24), Советот на општина Македонска Каменица на 4^{та} седница одржана на ден 29.12.2025 година донесе:

ПРОГРАМА

ЗА ИЗГРАДБА НА ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА во 2026 година

Општината М.Каменица во текот на 2026 година се планира реализација на следните проекти:

I Водовод

1. Изградба на водоводна мрежа за населено место с.Моштица, с.Косевица, с.Луковица и с.Тодоровци .
2. Реконструкција на водоводна мрежа на дел од Македонска Каменица на ул,,Македонска ,, ул Илинденска, локалитет Ливада и Реконструкција на дел од доводна линија од Филтер станица до собирна Шахта во Моштичка Река.
3. Реконструкција на Филтер станица со Хлорна станица .
4. Изградба и реконструкција на поединечни водоводни системи за снабдување на граѓани во делови од населените места во општината според потребите и барањата на граѓаните и месните самоуправи.
5. Реконструкција на постојни зафати за вода во населените места во М. Каменица.
6. Изработка на проектна документација за нови извори за вода, изработка на проектна документација за подземни води(бушотини и бунари) за дополнителни количини на вода за водоснабдување на населените места.

II Фекална канализација

1. Доизградба на главен колектор за фекална канализација;
2. Изградба на фекална канализација на Ул.Илинденска.
3. Изградба на краци на фекална канализација на локалитет ,,Ливада,, ;
4. Доизградба на фекална канализација во населба ,, Цинкара,, во М. Каменица;
5. Изработка на техничка документација и изградба на фекална канализација во М.Каменица и селските средини.
6. Изградба на Крак од фекална канализација во с.Моштица маала Селиште,маала Бабанец,село Луковица, село Косевица , село Дулица и Краци во Стара Каменица.
7. Изработка на техничка документација и изградба на пречистителна станица за отпадни и урбани води за М.Каменица и населените места Стара Каменица, село Луковица и Тороровци.

III Атмосферска канализација

1. Изработка на техничка документација за изградба на атмосферска канализација на ул.,,14 Јуни,, локалитет Цинкара и Ливада.
2. Изградба на атмосферска канакизацуја на дел од улица Осоговска,Илинденска и Улица Македонска за кој има техничка документација.

IV Наводнување

1. Изградба на зафат, доводен цевовод и разводна мрежа за наводнување на зелените површини и техничка вода за комунални потреби во М.Каменица;

Во текот на годината ќе се работи и на одржување на постојната водоводна и канализациона мрежа во М.Каменица и населените места.

V. Проектирање на водоводни мрежи, канализацјони мрежи и други објекти по потреба.

ПРИОРИТЕТИ ЗА ИЗГРАДБА НА ВОДОВОДНИ И КАНАЛИЗАЦИОНИ СИСТЕМИ

1. Реконструкција на дел од доводна линија од Филтер станица до собирна шахта во Моштичка Река.
2. Изградба на фекална канализација на дел од ул.Илинденска.
3. Изградба на фекална канализација во село Моштица маала Селиште,маала Бабанец ,село Тодоровци, село Луковица и село Дулица.
4. Изградба на атмосферска канализација на ул.Македонска и дел од Ул.Осоговска.
5. Изработка на Проект за атмосферска канализација за ул.14 јуни,населба Цинкара и населба Ливада.

Завршни одредби

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр. 08-3380/1
29.12.2025 г.
М.Каменица

Совет на општина М.Каменица
Претседател
Злате Алексовски с.р

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлука

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на Извештај за реализација на Програма за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Македонска Каменица за 2025 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-3381/1 **Градоначалник**
29.12.2025 г. **Соња Стаменкова с.р**
М.Каменица

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 20 од Статутот на општина М.Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019, 38/20 и 33/2024), Советот на општина Македонска Каменица на 4та седница одржана на ден 29.12.2025 година донесе:

О Д Л У К А

За усвојување на Извештај за реализација на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Македонска Каменица за 2025 година

Член 1

Согласно Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Македонска Каменица бр.41-10269/1-13 од 14.01.2014 година, донесена од Владата на Република Северна Македонија објавена во ,,Службен весник на РМ,, бр.10 од 20 јануари 2014 година, Општина Македонска Каменица во текот на 2025 година ги има остварено следниве приходи.

Вкупните приходи на општината од отуѓувањето парцели по пат на електронско јавно наддавање изнесуват **5.966.266,00 денари**.

Отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на електронско јавно наддавање се изврши на 27.12.2024 година по Објава бр.11-2426/1 од 22.11.2024 година.

За отуѓување на градежно земјиште со непосредна спогодба беа поднесени 4 барања, за оформување на градежна парцела предвидена со урбанистички план или урбанистичка планска документација доколку лицето има во сопственост повеќе од 30% од градежната парцела.

Вкупните приходи на општината од отуѓувањето на градежно земјиште со непосредна спогодба изнесуват **94.560,00 денари**.

Наплетени приходи по основ на договорна казна за неисполнување на обврските од договорите за отуѓување на градежно земјиште за 2025 година изнесуват **480.693,00 денари**.

Вкупни приходи на Општина Македонска Каменица за 2025 година од отуѓувањето на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија изнесуват **6.541.519,00 денари**.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр. 08-3382/1 **Совет на општина М.Каменица**
29.12.2025 г. **Претседател**
М.Каменица **Злате Алексовски с.р**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Програма

1. Се прогласува Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Македонска Каменица за 2026 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-3383/1 **Градоначалник**
29.12.2025 г. **Соња Стаменкова с.р**
М.Каменица

Врз основа на член 99 од Законот за градежно земјиште (“Службен весник на РМ” бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16,190/16 и („Службен весник на РСМ”бр. 275/19, 101/21, 153/23, 61/24, 224/24, 233/24 и 87/25)), Закон за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024), член 20 од Статутот на општина Македонска Каменица (“Сл.гласник на општина Македонска Каменица” бр. 20/2019, 38/2020 и 33/24), Советот на општина Македонска Каменица на 4^{та} седница одржана на ден 29.12.2025 година, донесе

ПРОГРАМА

ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА ЗА 2026 ГОДИНА

Вовед

- Општ дел
- Просторен опфат и предмет на Програмата
- Основи за изработка на Програмата
  - Законски основ
  - Основни плански документи
- Лица вклучени во изработка на Програмата

Глави на Програмата

1.Цели на Програмата

- Општи цели на Програмата
- Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети

2.Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по урбанистички план)

- Листа на градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање
- Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање
- Детален преглед на градежни парцели (групирани по предвидена активност)

а. Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање

3.Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма

- Дефинирање на целна група за оделни групи на градежни парцели
- Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали
- Дефинирање на опфатот и трошоците поврзани со имплементација на маркетинг стратегијата
- Дефинирање на временската рамка за имплементација на маркетинг стратегијата
- Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегијата

4.Динамика на реализација на Програмата

- Број на турнуси за објавување на оглас, временски период за објавување на огласите и распределба на градежните парцели по турнуси
- Пропишување на условите за надавање
- Лица надлежни за реализација на Програмата

5.Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата (приходна страна на Програмата)

6.Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата (расходна страна на Програмата)

7.Преодни и завршни одредби

Бр. 08-3384/1
29.12.2025 г.
М.Каменица

Совет на општина М.Каменица
Претседател
Злате Алексовски с.р

Содржина и теми во Програмата

ВОВЕД:

Општ дел

Со донесување на новиот Закон за градежно земјиште (“Службен весник на РМ” бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16,190/16 и (“Службен весник на РСМ”бр. 275/19, 101/21,153/23, 61/24, 224/24, 233/24 и 87/25)), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Северна Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесува Советот.

Сопстеноста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија управува Владата на Република Северна Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Република Северна Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Северна Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиште на кое нема изграедно комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјште кое е планирано со урбанистички план или урбанистичка планска документација.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација и може да се состои од една, од дел или од повеќе катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект изграден со документација (одобрение) и заведен во јавните книги за недвижности.

Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија може да се отуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

А) Просторен опфат и предмет на Програмата

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија што се наоѓа на територијата на општина Македонска Каменица, дефинирана според територијалната организација на Република Северна Македонија, за време на календарската 2026 година.
За земјиштето кое е предмет на отуѓување, изготвен е извод од ДУП на Македонска Каменица со сите нумерички податоци за истото.
Со годишната Програмата се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на територииите на следните населени места и локалитети:

а) град Македонска Каменица,
- локалитет ,,Центар,, наменето за А2-домување во станбени згради

б) парцели надвор од градот Македонска Каменица
- локалитет УПВНМ за стопански комплекс наменето за Г2-лесна и незагадувачка индустрија Г3-сервиси и Г4-стоваришта во м.в. ,,Бачиите,, КО Каменица и КО Луковица
в) парцели во градот Македонска Каменица на кои е донесено решение за утврдување на правен статус на бесправен објект согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти и се вклопени во урбанистички план

Б) Основи за изработка на Програмата

- **Законски основ**
  Законски основ на програмата за управување со градежното земјиште се: Законот за градежно земјиште (“Службен весник на РМ” бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16,190/16 и (“Службен весник на РСМ”бр. 275/19, 101/21, 153/23, 61/24, 224/24, 233/24 и 87/25)), член 20 од Статутот на општина Македонска Каменица (“Службен гласник на општина М. Каменица” бр. 20/2019 и 38/2020) и Закон за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ 5/2002),

- **Основни плански документи**
  Други документи потребни за изработка на Програмата се следните стратешки, развојни и плански документи донесени на локално ниво:
  - **Генерален урбанистички план** на град Македонска Каменица за плански период од 2014 до 2024 год.
  - **Детален урбанистички план (изменување и дополнување) на дел од централното градско подрачје (блок1 и блок2) на Македонска Каменица од 2018 год**
  - **УПВНМ-Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта во м.в. ,, Бачиите,, КО Каменица и КО Луковица**
  - **Стратегија за локален економски развој** на Општина Македонска Каменица за плански период од 2008 год до 2013 год.
  - **Локален еколошки акционен план** за Општина Македонска Каменица за плански период од 2008 год до 2013 год.
  - **Програма за изработка на урбанистички планови во 2018 година**
  - **Други стратешки документи /**

В) Лица вклучени во изработка на Програмата

1. Александра Димоска Ангеловска
2. Симона Анастасовска
3. Марија Јовановска
4. Јован Митревски

ГЛАВИ НА ПРОГРАМАТА:

8. Цели на Програмата

- **Општи цели на Програмата**

  Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината, преку правење просторни услови за развој.

- **Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети**

  Заинтересираните граѓани за изградба на сопствени простори за обавување на дејност можат да ја реализираат својата потреба, а со тоа да придонесат за развој на населеното место/локалитет, користење на локалните ресурси, вработување на лица, обезбедување на подобри услови за живеење

9. Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата

- **Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Општина Македонска Каменица
Број: _____од _____год.

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ:_____
ДУП : Детален урбанистички план на М. Каменица
Одлука бр.: 08-2356/1 од **21.12.2018** год.
Намена на градба: А2-домување во станбени згради
Ул. :„Руенска„ бр. //
КО Каменица КП : 4255/1
ДЛ: број / **М 1: 1000**

Графички приказ за ГП бр.2.16 на дел од КП бр. 4255/1
КП .__. урб. Парцела ____



Изготвил:
Контролирал:

Овластено лице
Александра Димоска Ангеловска,диа

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Општина Македонска Каменица
Број: _____од _____год.

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ:_____
ДУП : Детален урбанистички план на М. Каменица
Одлука бр.: 08-2356/1 од **21.12.2018** год.
Намена на градба: А2-домување во станбени згради
Ул. :„Руенска„ бр. //
КО Каменица КП : 4255/1
ДЛ: број / **М 1: 1000**

Графички приказ за ГП бр.2.17 на дел од КП бр. 4255/1
КП .__. урб. Парцела ____



Изготвил:
Контролирал:

Овластено лице
Александра Димоска Ангеловска,диа

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Општина Македонска Каменица
Број: од год.
Одделение за урбанизам

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ:_____

УПВНМ: Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта во м.в.,,Бачиите,, КО Каменица и КО Луковица
Одлука бр.: 07-1365/1 од 26.08.2013 год
Намена на градба:Г2-лесна и незагадувачка индустрија
Ул.: индустриска улица број-1,, бб

КО Каменица КП бр.: дел од КП бр.2640

ДЛ: број М 1:1000

Графички приказ за ГП бр. 1.22
КП._____.урб парцела _____



Изготвил:
Контролирал:

Овластено лице
Александра Димоска Ангеловска, диа

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Општина Македонска Каменица
Број: од год.
Одделение за урбанизам


ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ:_____

УПВНМ: Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта во м.в.„Бачиите„ КО Каменица и КО Луковица
Одлука бр.: 07-1365/1 од 26.08.2013 год
Намена на градба:Г2-лесна и незагадувачка индустрија
Ул.: индустриска улица број-1„ бб

КО Каменица КП бр.: дел од КП бр.2650/1

ДЛ: број М 1:1000

Графички приказ за ГП бр. 1.31
КП._____.урб парцела _____



Изготвил:
Контролирал:

Овластено лице
Александра Димоска Ангеловска, дипл.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА


Општина Македонска Каменица
Број: од год.
Одделение за урбанизам

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ:_____

УПВНМ: Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта во м.в.„Бачиите„ КО Каменица и КО Луковица
Одлука бр.: 07-1365/1 од 26.08.2013 год
Намена на градба:Г2-лесна и незагадувачка индустрија
Ул.: индустриска улица број-1„ бб
КО Каменица КП бр.: дел од КП бр.2650/1

ДЛ: број М 1:1000

Графички приказ за ГП бр. 1.33
КП._____.урб парцела _____



Изготвил:
Контролирал:

Овластено лице
Александра Димоска Ангеловска, дипл.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА


Општина Македонска Каменица
Број: од год.
Одделение за урбанизам

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ:_____

УПВНМ: Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта во м.в.„Бачиите„ КО Каменица и КО Луковица
Одлука бр.: 07-1365/1 од 26.08.2013 год
Намена на градба:Г2-лесна и незагадувачка индустрија
Ул.: индустриска улица број-1„ бб
КО Каменица КП бр.: дел од КП бр.2643

ДЛ: број М 1:1000

Графички приказ за ГП бр. 1.38
КП._____.урб парцела _____



Изготвил:
Контролирал:

Овластено лице
Александра Димоска Ангеловска, дипл.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА


Општина Македонска Каменица
Број: од год.
Одделение за урбанизам

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ:_____

УПВНМ: Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта во м.в.„Бачиите„ КО Каменица и КО Луковица
Одлука бр.: 07-1365/1 од 26.08.2013 год
Намена на градба:Г2-лесна и незагадувачка индустрија
Ул.: индустриска улица број-1„ бб
КО Каменица КП бр.: дел од КП бр.2643

ДЛ: број М 1:1000

Графички приказ за ГП бр. 1.38
КП._____.урб парцела _____



Изготвил:
Контролирал:

Овластено лице
Александра Димоска Ангеловска, дипл.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА


Општина Македонска Каменица
Број: од год.
Одделение за урбанизам

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ:_____

УПВНМ: Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта во м.в.„Бачиите„ КО Каменица и КО Луковица
Одлука бр.: 07-1365/1 од 26.08.2013 год
Намена на градба:Г2-лесна и незагадувачка индустрија
Ул.: индустриска улица број-1„ бб
КО Каменица КП бр.: дел од КП бр.2650/1

ДЛ: број М 1:1000

Графички приказ за ГП бр. 1.40
КП._____.урб парцела _____



Изготвил:
Контролирал:

Овластено лице
Александра Димоска Ангеловска, дипл.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА


Општина Македонска Каменица
Број: од год.
Одделение за урбанизам

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ:_____

УПВНМ: Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта во м.в.„Бачиите„ КО Каменица и КО Луковица
Одлука бр.: 07-1365/1 од 26.08.2013 год
Намена на градба:Г2-лесна и незагадувачка индустрија
Ул.: индустриска улица број-1„ бб
КО Каменица КП бр.: дел од КП бр.2650/1

ДЛ: број М 1:1000

Графички приказ за ГП бр. 1.41
КП._____.урб парцела _____



Изготвил:
Контролирал:

Овластено лице
Александра Димоска Ангеловска, дипл.

Детален преглед на градежни парцели во Детален урбанистички план (изменување и дополнување) на дел од централното градско подрачје на Македонска Каменица од 2018 год

- Населено место : **Македонска Каменица**
  Локалитет**: „ Центар,**

А. Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање
Табела со следните информации:

Број на градежна парцела	2.16	2.17
Вкупна површина на градежната парцела	708 м2	705 м2
Намена на земјиштето (основна класа)	А2	А2
Намена на земјиштето (опис)	Домување во станбени згради	Домување во станбени згради
Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела	Дел од КП 4255/1	Дел од КП 4255/1
Површина за градба	382 м2	379 м2
Бруто развиена површина	1527 м2	1515 м2
Максимална дозволена висина	14,80 м	14,80 м
Катност	П+3	П+3
Почетна/Утврдена цена по метар квадратен	1.040,00 ден	1.040,00 ден
Вкупна почетна/утврдена цена	736.320,00	733.200,00

Детален преглед на градежни парцели во УПВНМ-Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, Г3-сервиси и Г4-стоваришта во м.в. ,, Бачиите,, КО Каменица и КО Луковица

Населено место : **Македонска Каменица**
Локалитет**: нова индустриска зона-стопански комплекс,**

А. Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање
Табела со следните информации:

Број на градежна парцела	1.22
Вкупна површина на градежната парцела	1.181 м2
Намена на земјиштето (основна класа)	Г2,Г3, Г4
Намена на земјиштето (опис)	Лесна и незагадувачка индустрија
Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела	2640/2
Површина за градба	500 м2
Бруто развиена површина	1.000 м2
Процент на изграденост	42,30 %
Коефициент на искористеност на земјиштето	0,85
Максимална дозволена висина	
Катност	П, П+1
Почетна/Утврдена цена по метар квадратен	61,00 ден
Вкупна почетна/утврдена цена	72.041,00 ден

Број на градежна парцела	1.31	1.33
Вкупна површина на градежната парцела	2.085 м2	1.202 м2
Намена на земјиштето (основна класа)	Г2, Г3, Г4	Г2, Г3, Г4
Намена на земјиштето (опис)	Лесна и незагадувачка индустрија	Лесна и незагадувачка индустрија
Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела	2650/7	2650/8
Површина за градба	1.210 м2	556 м2
Бруто развиена површина	2.421 м2	1.112 м2
Процент на изграденост	58,10 %	46,42 %
Коефициент на искористеност на земјиштето	1,16	0,93
Максимална дозволена висина		
Катност	П, П+1	П, П+1
Почетна/Утврдена цена по метар квадратен	61,00 ден	61,00 ден
Вкупна почетна/утврдена цена	127.185,00 д	73.322,00 ден

Број на градежна парцела	1.38	1.39
Вкупна површина на градежната парцела	2.517 м2	2.977 м2
Намена на земјиштето (основна класа)	Г2, Г3, Г4	Г2, Г3, Г4
Намена на земјиштето (опис)	Лесна и незагадувачка индустрија	Лесна и незагадувачка индустрија
Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела	2643/2	2643/3
Површина за градба	1.457 м2	1.823 м2
Бруто развиена површина	2.914 м2	3.646 м2
Процент на изграденост	57,89 %	61,25 %
Коефициент на искористеност на земјиштето	1,16	1,22
Максимална дозволена висина		
Катност	П, П+1	П, П+1
Почетна/Утврдена цена по метар квадратен	61,00 ден	61,00 ден
Вкупна почетна/утврдена цена	153.537,00 ден	181.597,00ден

Број на градежна парцела	1.40	1.41
Вкупна површина на градежната парцела	1.275 м2	1.408 м2
Намена на земјиштето (основна класа)	Г2, Г3, Г4	Г2, Г3, Г4
Намена на земјиштето (опис)	Лесна и незагадувачка индустрија	Лесна и незагадувачка индустрија
Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела	2650/4	2650/3, 2650/6
Површина за градба	656 м2	738 м2
Бруто развиена површина	1313 м2	1476 м2
Процент на изграденост	51,55 %	52,42 %
Коефициент на искористеност на земјиштето	1.03	1.05
Максимална дозволена висина		
Катност	П, П+1	П, П+1
Почетна/Утврдена цена по метар квадратен	61,00 ден	61,00 ден
Вкупна почетна/утврдена цена	77.775,00 ден	85.888,00 ден

Напомена:

За градежното земјиште-парцели кои ќе се решаваат со непосредна спогодба со сопствениците на објекти и посебни делови од објекти за кои е донесено решение за утврдување на правен статус согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти и се вклопени во урбанистички план не се даваат конкретни податоци, но се проценува дека така ќе се изврши доделување на 20 броја парцели во градот Македонска Каменица по цена од 61,00 ден/ м2 градежно земјиште.

10. Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма

- **Дефинирање на целни групи за оделни групи на градежни парцели**
  Право на јавно наддавање имат сите заинтересирани правни и физички лица кои можат да се стекнат со сопственост на градежно земјиште

- **Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали**
  Ќе се изврши огласување за електронско јавно наддавање во два дневни весника на територијата на РСМ , во Сл. весник на РСМ како и на веб страната на општина Македонска Каменица

- **Дефинирање на опфатот и трошоците поврзани со имплементација на маркетинг стратегијата**
- средствата се вклучени во различни сегменти од работењето и од буџетот на општина Македонска Каменица. Предвидени трошоци за постапката 60.000,00 ден

- **Дефинирање на временската рамка за имплементација на маректинг стратегијата**
  До крајот на 2026 година.

- **Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегијата**
  Ангеловски Гоце, вработен во општинската администрација

11. Динамика на реализација на Програмата

- **Број на турнуси за објавување оглас, временски период за објавување на огласите и распределба на градежните парцели по турнуси**
  Дел од градежните парцели за јавно наддавање се планира да се објават во првото тромесечие од 2026 година а останатите локации во наредните тромесечија од 2026 година.

- **Пропишување на условите за надавање**
  Се пропишуваат/определуваат следните параметри: висината на банкарска гаранција за сериозност на понуда во износ од 100% до 500% од вкупна почетна цена на градежното земјиште, одредување на условите за учество, пропишување на други обврски и се наведуваат останати релевантни информации во врска со надавањето. Јавното наддавање ќе се врши по електронски пат на веб страницата : **www.gradezno-zemjiste.mk** Условите за учество ќе се одредуваат во јавните објави кои ќе следат.

- **Лица надлежни за реализацијата на Програмата**
  1. Александра Димоска Ангеловска
  2. Симона Анастасовска
  3. Марија Јовановска
  4. Јован Митревски

12. Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата (приходна страна на Програмата)

708,00 м^2	х 1.040,00 ден/м2 (прос. цена)	=	736.320,00 ден
705,00 м^2	х 1.040,00 ден/м2 (прос. цена)	=	733.200,00 ден
1181,00 м^2	х 61,00 ден/м2 (прос. цена)	=	72.041,00 ден
2085,00 м^2	х 61,00 ден/м2 (прос. цена)	=	127.185,00 ден
1202,00 м^2	х 61,00 ден/м2 (прос. цена)	=	73.322,00 ден
2517,00 м^2	х 61,00 ден/м2 (прос. цена)	=	153.537,00 ден
2977,00 м^2	х 61,00 ден/м2 (прос. цена)	=	181.597,00 ден
1275,00 м^2	х 61,00 ден/м2 (прос. цена)	=	77.775,00 ден
1408,00 м^2	х 61,00 ден/м2 (прос. цена)	=	85.888,00 ден

Вкупно 2.240.865,00 ден

13. Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата (расходна страна на Програмата)

Финансиските средства потребни за реализација на програмате се состојат од збир на проценетите финансиски средства потребни за реализирање на следните активности:

- трошоци по основ на администрирање на постапките за отуѓување на градежното земјиште 60.000,00 ден
- трошоци по основ на експропријација /
- трошоците по основ на купување на градежно земјиште /
- трошоци за промовирање, односно рекламирање на градежните локации што ќе бидат предмет на отуѓување 60.000,00 ден

Вкупно: 120.000,00 ден

14. Преодни и завршни одредби

- Програмата ја усвојува Советот на општината.

- Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува.

- За спроведувањето на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општината.

- Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлука

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на Програма за работа на ТППЕ при општина Македонска Каменица за 2026 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09- 3385/1
29.12.2025 г.
М.Каменица

Градоначалник
Соња Стаменкова с.р

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Р.М“ број 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 20 од Статутот на општина Македонска Каменица („Службен гласник на општина Македонска Каменица“ број 20/2019, 38/20 година и 33/24) Советот на општина Македонска Каменица на 4та седница одржана на ден 29.12.2025 година донесе:

О Д Л У К А

За усвојување на Програма за работа на ТППЕ Македонска Каменица за 2026 година

Член 1

Советот на општина Македонска Каменица ја усвои Програмата за работа на ТППЕ Македонска Каменица за 2026 година.

Програмата за работа на ТППЕ Македонска Каменица за 2026 година е составен дел на оваа Одлука.

Член 2

Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр. 08-3386/1 **Совет на општина М.Каменица**
29.12.2025 г. **Претседател**
М.Каменица **Злате Алексовски с.р**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлука

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на Годишна програма за култура на КИЦ „Романса” Македонска Каменица за 2026 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09- 3387/1 **Градоначалник**
29.12.2025 г. **Соња Стаменкова с.р**
М.Каменица

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Р.М“ број 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 20 од Статутот на општина Македонска Каменица („Службен гласник на општина Македонска Каменица“ број 20/2019, 38/20 година и 33/24) Советот на општина Македонска Каменица на 4та седница одржана на ден 29.12.2025 година донесе:

О Д Л У К А

За усвојување на Годишна програма за култура на КИЦ „Романса" Македонска Каменица за 2026 година

Член 1

Советот на општина Македонска Каменица ја усвои Годишната програма за култура на КИЦ „Романса" Македонска Каменица за 2026 година.

Годишната програма за култура на КИЦ „Романса" Македонска Каменица за 2026 година е составен дел на оваа Одлука.

Член 2

Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица".

Бр. 08-3388/1 **Совет на општина М.Каменица**
29.12.2025 г. **Претседател**
М.Каменица **Злате Алексовски с.р**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица"бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Јавен повик

1. Се прогласува објавувањето на јавен повик за пријавување на кандидати за избор на членови на Управен одбор во ЈП„Камена Река" Македонска Каменица.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица".

Бр.09- 3389/1 **Градоначалник**
29.12.2025 г. **Соња Стаменкова с.р**
М.Каменица

Во основа на член на 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.84/2020 и 202/2024), член 20 од Статутот на Општина М.Каменица („Службен гласник на Општина М.Каменица" бр.20/19, 38/20 и 33/24), а во врска со член 17 и член 17-а став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Р.М.бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на општина Македонска Каменица на 4^{та} седница одржана на ден 29.12.2025 година, во својство на основач на претпријатието, објавува:

ЈАВЕН ПОВИК

за пријавување на кандидати за избор на членови на Управен одбор во ЈП„Камена Река" Македонска Каменица

Кандидатот за член на Управниот одбор мора да ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,

- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование

- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен овие услови, членовите на управниот одбор во јавното претпријатие треба да имаат најмалку пет години работно искуство од кои:

- најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на финансиско работење или

- најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на правните работи.

Управниот одбор се состои од пет члена.

Времетраење на мандатот на членовите на Управниот одбор на јавното претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Се повикуваат кандидатите што ги исполнуваат наведените услови, законски потребни документи (уверение за државјанство на Република Северна Македонија, уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование, потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, потврда за евидентиран стаж од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, кратка биографија, сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон) да ги достават во затворен плик со назнака „НЕ ОТВОРАЈ - ЗА ЈАВЕН ПОВИК ЗА ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР ВО ЈП „КАМЕНА РЕКА,, во Архивата на Општина Македонска Каменица или по пошта во рок од 5 дена од објавувањето на овој повик.

Комисијата за селекција за проверка на податоци по јавниот повик, по пат на административна селекција и интервју, подготвува и доставува предлог листа од најдобро рангираните кандидати до Советот на општина Македонска Каменица.

Советот на општина Македонска Каменица, во рок од 15 дена од доставувањето на предлогот, ќе изврши соодветен избор од предложените кандидати и ќе донесе одлука за именување на членови на Управен одбор во ЈП ,,Камена Река” Македонска Каменица.

Јавниот повик ќе биде објавен на веб-страната на општина Македонска Каменица, огласната табла на општина Македонска Каменица и веб-страната на ЈП ,,Камена Река” Македонска Каменица.

Бр. 08-3390/1 **Совет на општина М.Каменица**
29.12.2025 г. **Претседател**
М.Каменица **Злате Алексовски с.р**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Јавен повик

1. Се прогласува објавувањето на јавен повик за пријавување на кандидати за избор на членови на Надзорен одбор во ЈП„Камена Река“ Македонска Каменица.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-3391/1 **Градоначалник**
29.12.2025 г. **Соња Стаменкова с.р**
М.Каменица

Во основа на член на 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024), член 20 од Статутот на Општина М.Каменица („Службен гласник на Општина М.Каменица“ бр.20/19, 38/20 и 33/24), а во врска со член 17-а став 2 и член 26 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Р.М.бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на општина Македонска Каменица на 4та седница одржана на ден 29.12.2025 година, во својство на основач на претпријатието, објавува:

ЈАВЕН ПОВИК

за пријавување на кандидати за избор на членови на Надзорен одбор во ЈП„Камена Река“ Македонска Каменица

Кандидатот за член на надзорниот одбор мора да ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,

- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование

- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен овие услови, членовите на надзорниот одбор во јавното претпријатие треба да имаат и содветно работно искуство и тоа:

- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство

- еден член на надзорниот одбор да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиско работење и

- еден член на надзорниот одбор да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи.

Надзорниот одбор се состои од три члена.

Времетраење на мандатот на членовите на надзорниот одбор на јавното претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Се повикуваат кандидатите што ги исполнуваат наведените услови, законски потребни документи (уверение за државјанство на Република Северна Македонија, уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование, потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, потврда за евидентиран стаж од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, кратка биографија, сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон) да ги достават во затворен плик со назнака „НЕ ОТВОРАЈ - ЗА ЈАВЕН ПОВИК ЗА ЧЛЕН НА НАДЗОРЕН ОДБОР ВО ЈП „КАМЕНА РЕКА,, во Архивата на Општина Македонска Каменица или по пошта во рок од 5 дена од објавувањето на овој повик.

Комисијата за селекција за проверка на податоци по јавниот повик, по пат на административна селекција и интервју, подготвува и доставува предлог листа од најдобро рангираните кандидати до Советот на општина Македонска Каменица.

Советот на општина Македонска Каменица, во рок од 15 дена од доставувањето на предлогот, ќе изврши соодветен избор од предложените кандидати и ќе донесе одлука за именување на членови на Надзорен одбор во ЈП ,,Камена Река" Македонска Каменица.

Јавниот повик ќе биде објавен на веб-страната на општина Македонска Каменица, огласната табла на општина Македонска Каменица и веб-страната на ЈП ,,Камена Река" Македонска Каменица.

Бр. 08-3392/1 **Совет на општина М.Каменица**
29.12.2025 г. **Претседател**
М.Каменица **Злате Алексовски с.р**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица"бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Јавен повик

1. Се прогласува објавувањето на јавен повик за пријавување на кандидати за избор на членови на Управен одбор во ЈП„Доминг" Македонска Каменица.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица".

Бр.09-3393/1 **Градоначалник**
29.12.2025 г. **Соња Стаменкова с.р**
М.Каменица

Во основа на член на 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.84/2020 и 202/2024), член 20 од Статутот на Општина М.Каменица („Службен гласник на Општина М.Каменица" бр.20/19, 38/20 и 33/24), а во врска со член 17 и член 17-а став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Р.М.бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на општина Македонска Каменица на 4^{та} седница одржана на ден 29.12.2025 година, во својство на основач на претпријатието, објавува:

ЈАВЕН ПОВИК

за пријавување на кандидати за избор на членови на Управен одбор во ЈП „Доминг“ Македонска Каменица

Кандидатот за член на Управниот одбор мора да ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,

- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование

- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен овие услови, членовите на управниот одбор во јавното претпријатие треба да имаат најмалку пет години работно искуство од кои:

- најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на финансиско работење или

- најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на правните работи.

Управниот одбор се состои од пет члена.

Времетраење на мандатот на членовите на Управниот одбор на јавното претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Се повикуваат кандидатите што ги исполнуваат наведените услови, законски потребни документи (уверение за државјанство на Република Северна Македонија, уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование, потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, потврда за евидентиран стаж од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, кратка биографија, сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон) да ги достават во затворен плик со назнака „НЕ ОТВОРАЈ - ЗА ЈАВЕН ПОВИК ЗА ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР ВО ЈП „ДОМИНГ,, во Архивата на Општина Македонска Каменица или по пошта во рок од 5 дена од објавувањето на овој повик.

Комисијата за селекција за проверка на податоци по јавниот повик, по пат на административна селекција и интервју, подготвува и доставува предлог листа од најдобро рангираните кандидати до Советот на општина Македонска Каменица.

Советот на општина Македонска Каменица, во рок од 15 дена од доставувањето на предлогот, ќе изврши соодветен избор од предложените кандидати и ќе донесе одлука за именување на членови на Управен одбор во ЈП ,,Доминг” Македонска Каменица.

Јавниот повик ќе биде објавен на веб-страната на општина Македонска Каменица, огласната табла на општина Македонска Каменица и веб-страната на ЈП ,,Доминг” Македонска Каменица.

Бр. 08-3394/1
29.12.2025 г.
М.Каменица

Совет на општина М.Каменица
Претседател
Злате Алексовски с.р

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Јавен повик

1. Се прогласува објавувањето на јавен повик за пријавување на кандидати за избор на членови на Надзорен одбор во ЈП„Доминг “ Македонска Каменица.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-3395/1
29.12.2025 г.
М.Каменица

Градоначалник
Соња Стаменкова с.р

Во основа на член на 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024), член 20 од Статутот на Општина М.Каменица („Службен гласник на Општина М.Каменица“ бр.20/19, 38/20 и 33/24), а во врска со член 17-а став 2 и член 26 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Р.М.бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на општина Македонска Каменица на 4^{та} седница одржана на ден 29.12.2025 година, во својство на основач на претпријатието, објавува:

ЈАВЕН ПОВИК

за пријавување на кандидати за избор на членови на Надзорен одбор во ЈП „Доминг“ Македонска Каменица

Кандидатот за член на надзорниот одбор мора да ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,

- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование

- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен овие услови, членовите на надзорниот одбор во јавното претпријатие треба да имаат и содветно работно искуство и тоа:

- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство

- еден член на надзорниот одбор да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиско работење и

- еден член на надзорниот одбор да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи.

Надзорниот одбор се состои од три члена.

Времетраење на мандатот на членовите на надзорниот одбор на јавното претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Се повикуваат кандидатите што ги исполнуваат наведените услови, законски потребни документи (уверение за државјанство на Република Северна Македонија, уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование, потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, потврда за евидентиран стаж од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, кратка биографија, сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон) да ги достават во затворен плик со назнака „НЕ ОТВОРАЈ - ЗА ЈАВЕН ПОВИК ЗА ЧЛЕН НА НАДЗОРЕН ОДБОР ВО ЈП „ДОМИНГ,, во Архивата на Општина Македонска Каменица или по пошта во рок од 5 дена од објавувањето на овој повик.

Комисијата за селекција за проверка на податоци по јавниот повик, по пат на административна селекција и интервју, подготвува и доставува предлог листа од најдобро рангираните кандидати до Советот на општина Македонска Каменица.

Советот на општина Македонска Каменица, во рок од 15 дена од доставувањето на предлогот, ќе изврши соодветен избор од предложените кандидати и ќе донесе одлука за именување на членови на Надзорен одбор во ЈП ,,Доминг" Македонска Каменица.

Јавниот повик ќе биде објавен на веб-страната на општина Македонска Каменица, огласната табла на општина Македонска Каменица и веб-страната на ЈП ,,Доминг" Македонска Каменица.

Бр. 08-3396/1
29.12.2025 г.
М.Каменица

Совет на општина М.Каменица
Претседател
Злате Алексовски с.р

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица"бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Решение

1. Се прогласува Решението за формирање на Комисија за селекција за избор на членови на Управен одбор во ЈП„Камена Река" Македонска Каменица и Управен одбор во ЈП„Доминг" Македонска Каменица.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица".

Бр.09- 3397/1
29.12.2025 г.
М.Каменица

Градоначалник
Соња Стаменкова с.р

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.84/2020 и 202/2024), а во врска со член 17-а, став 4 од Законот за јавни претпријатија(„Службен весник на Република Македонија " бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.35/19, 275/19, 82/20, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), и член 20 од Статутот на Општина М.Каменица („Службен гласник на Општина М.Каменица" бр.20/19, 38/20 и 33/24), Советот на општина Македонска Каменица на 4^{та} седница одржана на ден 29.12.2025 година донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

за формирање на Комисија за селекција за избор на членови на Управен одбор во

ЈП„Камена Река” и ЈП„Доминг“ Македонска Каменица

Член 1

За членови на Комисијата се именуваат лицата:

1.Анета Темчева- Претседател

2. Весна Дончевска-Член

3. Сузана Николовска-Член

За заменици членови на Комисијатасе именуваат лицата:

1.Васко Десподовски-Заменик Претседател

2.Никица Крстевска- Заменик Член

3.Анета Јаневска- Заменик Член

Член 2

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр. 08-3398/1 **Совет на општина М.Каменица**
29.12.2025 г. **Претседател**
М.Каменица **Злате Алексовски с.р**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Решение

1. Се прогласува Решението за формирање на Комисија за селекција за избор на членови на Надзорен одбор во ЈП„Камена Река“ Македонска Каменица и Надзорен одбор во ЈП„Доминг“ Македонска Каменица.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09- 3399/1 **Градоначалник**
29.12.2025 г. **Соња Стаменкова с.р**
М.Каменица

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024), а во врска со член 17-а, став 4 од Законот за јавни претпријатија(„Службен весник на Република Македонија ” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.35/19, 275/19, 82/20, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), и член 20 од Статутот на Општина М.Каменица („Службен

гласник на Општина М.Каменица“ бр.20/19, 38/20 и 33/24), Советот на општина Македонска Каменица на 4та седница одржана на ден 29.12.2025 година донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за формирање на Комисија за селекција за избор на членови на Надзорен одбор во
ЈП„Камена Река” и ЈП„Доминг“ Македонска Каменица
Член 1

За членови на Комисијата се именуваат лицата:

1.Анета Темчева- Претседател

2. Весна Дончевска-Член

3. Сузана Николовска-Член

За заменици членови на Комисијата се именуваат лицата:

1.Васко Десподовски-Заменик Претседател

2.Никица Крстевска- Заменик Член

3.Анета Јаневска- Заменик Член

Член 2

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр. 08-3400/1 **Совет на општина М.Каменица**
29.12.2025 г. **Претседател**
М.Каменица **Злате Алексовски с.р**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Програма

1. Се прогласува Програмата за активностите на општина Македонска Каменица во областа на спорт и млади во 2026 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09- 3401/1 **Градоначалник**
29.12.2025 г. **Соња Стаменкова с.р**
М.Каменица

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија ’’ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 20 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина Македонска Каменица” бр. 20/2019, 38/20 и 33/24) Советот на општина Македонска Каменица на 4та седница одржана на ден 29.12.2025 година донесе:

ПРОГРАМА
за активностите на општина Македонска Каменица во областа на спорт и млади во 2026 година

ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Македонска Каменица во областа на спорти млади во 2026 година се:

- Учество на општината во организирањето и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот во градот.
- Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓанитеособено младите и здруженијата на граѓани.
- Афирмација на Општина Македонска Каменица во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности.

АКТИВНОСТИ

За реализирање на целите на оваа Програма Општина Македонска Каменица ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси

Во контекст на ова активностите најмногу ќе се насочуваат кон сочувување на континуитетот на традиционалните спортски манифестации развивање на масовниот спорт, поддржување на екипи и поединци кои постигнуваат врвни резултати и ја афирмираат Македонска Каменица во државата и надвор од неа

L00	СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА	463120	Трансфери до спортски клубови	9.000,000,00

Во делот на организација на спортско рекреативни активнсти ги предвидуваме:

- Меморијален турнир Миле Јаневски Џингар (фудбал,кошарка,ракомет,пинг понг, шах и сл)
- Маратон - Миле Јаневски Џингар
- Планински марш - Миле Јаневски Џингар
- Велосипедски трки
- Отворен ден на спорт – означување на крај на учебна година
- Летни водени игри
- Летни вечерни детски спортски игри
- Спортски активности поврзани со денот на општината
- Пешачење и планинарење како спортска активност
- Младинска едукација за согледување на придобивки од спортски навики
- Поддршка на спортски клубови и здруженија за нивно настапување во натпреварувачки лиги

ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма е од Буџетот на Општина Македонска Каменица од соодветни спортски сојузи во државата, од Агенцијата за спорт и млади, спонзорства и донации.

За активности од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност квалитет и општ интерес ќе се појават во текот на 2026 година, ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на општината.

ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства спортските манифестации и надежните талентирани млади спортисти Општината ќе ги помага и со:

- почесно покровителство;
- доделување награди и признанија,
- обезбедување стручна техничка и други видови помош.
- учество на промотивни и протоколарни средби.

Општината на младите ќе им помага преку:

- организирање трибини, форуми, дебати и сл. на теми што се од нивен интерес

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето а, ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр. 08-3402/1
29.12.2025 г.
М.Каменица

Совет на општина М.Каменица
Претседател
Злате Алексовски с.р

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Програма

1. Се прогласува Програмата за активностите на општина Македонска Каменица во областа на социјалната заштита во 2026 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-3403/1
29.12.2025 г.
М.Каменица

Градоначалник
Соња Стаменкова с.р

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 20 од Статутот на Општина М.Каменица („Службен гласник на Општина М.Каменица бр.20/2019, 38/20 и 33/2024), Советот на општина Македонска Каменица на 4та седница одржана на ден 29.12.2025 година донесе:

ПРОГРАМА
за активностите на општина Македонска Каменица во областа на социјалната заштита во 2026 година

ЦЕЛИ :

Основни цели на оваа Програма се :

Обезбедување активен однос на Советот на Општина Македонска Каменица кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на социјалната заштита; Изнаоѓање форми за згрижување на социјално ранливи групи; Изнаоѓање форми за социјализација на маргинализирани групи; Поддршка на лицата со попреченост од Општина Македонска Каменица; Поддршка на лицата и фамилиите на лицата бранители и загинати бранители од воен конфликт во 2001 година Подобрување на стандардот на граѓаните; Создавање услови за поквалитетни услуги на децата од предучилишна возраст; Осовременување на училишните установи во однос на организацијата на програмските содржини и соодветни кадровски услови за инклузија на деца со посебни потреби, поддршка на фамилиите засегнати од големата трагедија во Кочани, поддршка на социјален сервис, поддршка на вработување/ангажирање на лица со попреченост преку поддршка на проекти, грижа за стари и изнемоштени лица преку поддршка на проекти, работилници и предавања како и други активности од областа на социјалната заштита.

АКТИВНОСТИ : Активностите на Општина Македонска Каменица во областа на социјална заштита во 2026 година ќе бидат насочени кон поттикнување поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма. Во оваа програма се вклучени : новогодишни пакетчиња и социјални пакети, социјални пакети за стари и изнемоштени лица, помош за социјално загрозени лица, помош на лица на кои им е потребно лекување, помош за лица со попреченост, поддршка на лицата и фамилиите на лицата бранители и загинати бранители од воен конфликт во 2001 година, помош на деца без родители, помош на самохрани родители, помош за фамилии кои имаат новороденче, поддршка за средношколци од сите години во средно училиште Миле Јаневски – Џингар, поддршка социјален сервис, поддршка во ангажирање/вработување на лица со попреченост преку поддршка на проекти, поддршка на секаков вид на издржани проекти кои нудат социјална заштита на социјално ранливи категории како и други активности.

ФИНАНСИРАЊЕ :

Активностите од областа на социјалната заштита утврдени со оваа програма ќе се финансираат од средствата на Министерството за труд и социјална политика и Буџетот на Општина Македонска Каменица предвидени за 2026 година. При реализацијата на Програмата Советот на Општина Македонска Каменица ќе ги поддржи институциите и здруженијата на граѓани при реализирањето на проектите од социјалната сфера за обезбедување на финансиски средства и друга помош од: - Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија; - Трговски друштва јавни претпријатија фондации и други правни и физички лица; - Заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство.

47 СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ :

471 Социјални надоместоци денари	4. 300 000,00
471160 Еднократна парична помош и помош на натура денари	300. 000,00
471 230 Помош за новороденчиња денари	1.000. 000,00
471 240 Помош за деца без родители и родителска грижа денари	1.000. 000,00
471 410 Помош за лица со пречки во физичкиот и психичкиот развој денари	1.000.000,00

471 990 Друга социјална помош 1.000. 000,00 денари

РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА: Содржините предвидени во оваа програма се финансираат со посебна ставка во Буџетот на општината Дополнителни проекти и активности ќе предлага Комисијата за општествени дејности и Комисијата за еднакви можности меѓу мажите и жените при Советот на Општина Македонска Каменица

ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ :

Други форми на активности со кои ќе се помагаат со средства од Буџетот на Општина Македонска Каменица се - обезбедување стручна. техничка и друга поддршка со кадри и опрема со која располага општината. - Организирање протоколарни средби за воспоставување соработка на претставници на општината со потенцијални донатори на проекти од областа на социјалната заштита

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ :

Комисијата за општествени дејности го следи реализирањето на оваа Програма, покренува иницијативи дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели и активности.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето а, ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“

Бр. 08-3404/1 **Совет на општина М.Каменица**
29.12.2025 г. **Претседател**
М.Каменица **Злате Алексовски с.р**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Програма

1. Се прогласува Програмата за активностите на општина Македонска Каменица за подршка на НВО секторот во 2026 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-3405/1 **Градоначалник**
29.12.2025 г. **Соња Стаменкова с.р**
М.Каменица

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија ’’ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024)и член 20 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина Македонска Каменица” бр.20/2019, 38/20 и 33/24) Советот на Општина Македонска Каменица на 4та седница одржана на ден 29.12.2025 година донесе:

ПРОГРАМА
За активностите на ЕЛС Македонска Каменица за поддршка на НВО секторот во 2026 година

ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на општина Македонска Каменица за поддршка на НВО секторот во 2026 година се:

- Грижата за младите и соработка со НВО секторот, во согласност со можностите.
- Создавање услови за реализирање на активности на граѓанитеиздруженијата на граѓани
- Афирмација на Општина Македонска Каменица како општина со развиена мрежа на НВО кои остваруваат соработка со НВО.

АКТИВНОСТИ

За реализирање на целите на оваа Програма Општина Македонска Каменица ќе ги преземе сите потребни активности иќегиставинарасполагање сите свои технички и човечки ресурси.

Во контекст на ова активностите најмногу ќе се насочуваат кон:

- зачувување на континуитетот на соработката со граѓанскиот сектор.
- обезбедување просторни услови за работа на здруженијата на граѓани,
- давањеподдршка на проекти кои се од поширок општественинтересизадоволуваат потреби на поголема групаграѓани
- воспоставување подеднаква соработка со здруженијата на граѓани од различни интересни групи на делување,
- афирмација на Општина Македонска Каменица во државата и надвор од неа

Во областа на поддршката на НВО секторот активностите на Општина Македонска Каменица ќе бидат насочени кон реализирање на партнерски проекти од поширок интерес на заедницата, кон градење мрежи и коалиции во сите области на делување на локалната самоуправа.

ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма е од Буџетот на Општина Македонска Каменица во износ од 2.000.000,00 и од спонзорства и донации.

За активности од областите што ги опфаќа оваа Програма а кои со својата актуелност квалитет и општ интерес ќе се појават во текот на 2026 година, ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на општината.

Освен со финансиски средства Општина Македонска Каменица активностите на здруженијата на граѓани ќе ги помага и со:

- покровителство;
- доделување награди и признанија,
- обезбедување стручна, техничка и други видови помош.
- учество на промотивни и протоколарни средби
- организирање трибини, форуми, дебати и сл. на теми што се од нивен интерес,
- организирање кампањи
- организирање анкети за да се утврди нивниот интерес и да се насочат сферите на делување на општината.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Практичната реализација и следењето на активностите на оваа Програма ќе се одвива преку општинската администрација на ЕЛС Македонска Каменица

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето а, ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр. 08-3406/1 **Совет на општина М.Каменица**
29.12.2025 г. **Претседател**
М.Каменица **Злате Алексовски с.р**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Програма

1. Се прогласува Програмата за работа на Комисијата за родова рамноправност за 2026 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09- 3407/1 **Градоначалник**
29.12.2025 г. **Соња Стаменкова с.р**
М.Каменица

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија ’’ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 20 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл. гласник на општина Македонска Каменица” бр.20/2020, 38/20 и 33/24) Советот на Општина Македонска Каменица на 4^{та} седница одржана на ден 29.12.2025 година донесе:

ПРОГРАМА
за работа на Комисијата за родова рамноправност за 2026 година

Комисијата за родова рамноправност е посебно тело на Општина Македонска Каменица формирана како постојана Комисија

Цел на Комисијата за родова рамноправност е да го промовира принципот за воспоставување еднакви можности на жените и мажите во политиката, социјалната, образовната, економската, како и во други области од општествениот живот.

Задача на Комисијата е да го вклучи родовиот концепт да биде во превентивата на процесот на проценување на импликациите од несоодветната вклученост на жените и мажите во секоја планирана акција како во политиките така и во програмите во секоја област на сите нивоа

Воспоставувањето на еднаквите можности е обврска на целото општество и претставува отстранување на пречките за воспоставување и остварување на еднаквост меѓу жените и мажите преку превенција и отстранување на нееднаквиот третман на жените и мажите и воспоставување услови за воведување на еднакво учество на жените и мажите во сите сфери на општественото живеење

ОБЛАСТИ:

1. Управување со човечки ресурси
2. Социјална заштита
3. Економски развој
4. Човекови права
5. Здравство

ФОРМИ И ОБЛИЦИ НА ДЕЛУВАЊЕ

- Организирање на јавни расправи по определени прашања
- Организирање дебати за определени прашања
- Јавни дискусии тркалезни маси и апели
- Работилници , кампањи
- Формирање на работни тела од НВО за организирано дејствување
- Воспоставување партнерство со бизнис заедници
- Влијание врз одговорните субјекти за обезбедување на еднакви можности меѓу половите

УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

- Јакнење на свеста на жените и мажите за важноста од учеството на жените во политичкиот и јавниот живот и во процесите на одлучување
- Изработка на база на податоци со родов концепт од институции и правни субјекти
- Изработка на Акционен план за родова рамноправност

СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

- Обезбедување релевантни, навремени и сеопфатни статистички показатели за корисниците на системот на социјална заштита од родов аспект и бројот на (жени самохрани мајки)

ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

- Промовирање на локални акции за вработување на жените
- Едукација за отпочнување на сопствен бизнис самовработување - бизнис план
- Дообразување и стручно оспособување преквалификација на жени од руралните средини
- Поттикнување за регистрирање на жената земјоделец

ЧОВЕКОВИ ПРАВА

- Едукација на жените за човековите права
- Јакнење на свеста на локално ниво - почитувај ја жената
- Едукација на жените од руралните подрачја за своите права

ПРЕВЕНЦИЈА И ЗАШТИТА НА ЖЕНИТЕ ПРИ СИТЕ ВИДОВИ НАНАСИЛСТВО

- Отворање на центар за згрижување на жените- жртви на семејно насилство
- Спроведување на анкета за семејно насилство со општата популација
- Превенција и заштита на жртвите на трговијата со жени и деца

ЗДРАВСТВО

- Едукација за превентивна и навремена здравствена заштита на жените
- Едукација на населението за остеопороза

Средствата во буџетот се во насока на едукации и превенции поврзани со: семејно насилство, канцерогени заболувања, алкохолизам и коцкање и слично.
Изградба/реализација на проекти од НВО а поврзани со родова рамноправност

ОПИС
Изработка на база на податоци со родов концепт од институции и правни субјекти
Изработка на Акционен план за родова рамноправност
Промовирање на локални акции за вработување на жените од Општина Македонска Каменица во соработка со Центарот за вработување (организирање на јавна трибина и тв. емисија)
Едукација на жените за човековите права (организирање на две трибини)
Едукација за превентивна и навремена здравствена заштита на жените (организирање на две трибини)

За реализација на претходно наведените активности средствата во износ од 100.000,00 денари ке се обезбедат од општинатадодека за дополнително финансирање на активностите ке бидат побарани средства од донатори.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето а, ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр. 08-3408/1 **Совет на општина М.Каменица**
29.12.2025 г. **Претседател**
М.Каменица **Злате Алексовски с.р**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Програма

1. Се прогласува Програмата за активностите на општина Македонска Каменица во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2026 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-3409/1 **Градоначалник**
29.12.2025 г. **Соња Стаменкова с.р**
М.Каменица

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија’’ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024)и член 20 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина Македонска Каменица” бр. 20/2019, 38/20 и 33/24) Советот на општина Македонска Каменица на 4та седница одржана на ден 29.12.2025 година донесе:

ПРОГРАМА
за активностите на општина Македонска Каменица во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2026 година

РАМКА НА ПРОГРАМАТА
ОСНОВА

Концептот на Односите со јавност како една од суштинските компоненти на современиот менаџмент, во Република Македонија е релативно нов и непознат.

Како континуиран процес што овозможува двонасочен проток на информации помеѓу општината и целните групи на граѓани, комуникациите со јавноста се еден од најзначајните сегменти од функционирањето на една локална самоуправа согласно највисоките европски и светски стандарди.

Наспроти фактот што стартуваше и втората фаза на децентрализацијата. само мал број општини во Македонија имаат лица за комуникација со јавноста и практикуваат форми на зајакнување на комуникацијата со корисниците на услугите.

Поради овие состојби ЗЕЛС иницираше креирање на мрежа на лица за односи сојавност во која активно е вклучена и Општина Македонска Каменица

Покрај програмската определба, општината работи и на обезбедување и усовршување на просторните и техничките услови за комуникација што беше повод за креирањето на едношалтерскиот систем

Комуникацијата со јавноста е динамична, неретко флексибилна компонента на менаџментот во јавната администрација која има потреба од постојано менување и доусовршување

Реализацијата на програмските определби на годишно ниво зависи од голем број внатрешни и надворешни фактори.

Програмскиот пристап кон односите со јавноста се базира на меѓусебното разбирање и треба да претставува мост помеѓу внатрешната перспектива и надворешното позиционирање на општината.

Бидејќи комуникацијата со јавноста опфаќа голем број на различни целни групи, мошне е важно наспроти флексибилноста точно да се утврдат програмските приоритети на годишно ниво

Од друга страна треба да се има во предвид дека во услови кога промотивните активности имаат висока цена на пазарот, неопходно е да се изнајдат форми на комуникација со која општината би допрела до целната група со вложување на помалку средства

Во изминатиот период тоа се постигнуваше преку објавување на информации во вид на соопштенија во локалните електронски медиуми, на огласната табла во општината, печатени флаери или пак директна комуникација со претставници на целните групи

Во изминатава година Општина Македонска Каменица воспостави систем на комуникација со различни целни групи. Воглавно три носечки целни групи се во фокусот на ориентација на општината во надворешната комуникација:

- Граѓаните корисници на услуги
- Здруженијата на граѓани (НВО секторот)
- Медиуми

Покрај овие три основни целни групи комуникацијата се остварува со голем број други целни групи со кои општината континуирано комуницира како што се:

- Бизнис сектор
- Месни и урбани заедници
- Домашни и меѓународни организации и фондации
- Национални и локални институции

- Фокус групи

Покрај програмските определби на годишно ниво. разновидноста и бројноста на целните групи налага секојдневна работа и усовршување на комуникацијата со секоја целна група поединечно.

ОПРАВДАНОСТ
Приоритетни потреби:

• **Продлабочување на Комуникацијата со јавноста**

Подготовката и имплементацијата на еден ваков програмски документ е од големо значење за континуираниот процес на информирање на граѓаните за сите активности на општината како и соработката со граѓаните во рамките на планирањето и реализацијата на сите идни активности од значење за развојот на локалната заедница.

Задоволството на граѓаните од услугите што им ги нуди општината зависи и од степенот на информираноста за видот на услугите и начинот на давањето на тие услуги.

Со цел да ги подобри условите за комуникација. .воведен е едношалтерски систем преку кој граѓаните ке можат на едно место да ги добиват услугите од урбанизам. даноци, општи правни работи. и се она што е во надлежност на локалнта самоуправа согласно Законот за локална самоуправа

Општина Македонска Каменица во 2026 година согласно Програмата ќе работи на следниве приоритетни потреби:

- Зајакнување на капацитетите за промоција и комуникација со јавноста.
- Зајакнување на креативните капацитети за подготовка и реализација на кампањи за промоција на општината:
- Интензивирање на комуникацијата со граѓаните;

- Реализација на презентации и емисии посветени на работата на Општината

- Редовна посета на месните заедници и информирање на населението

▪ **Промоција**

Вклучување на промоција во буџетското планирање, преку која ќе се овозможи достигнување на конкретни и мерливи резултати преку активности за подготовка и издавање на брошури чија цел е презентација на резултатите и стратешките заложби за развој на локалната заедница.

Утврдувањето на постоечки капацитети за развој на промотивната активност. интерно во општинската администрација уште повеќе ја нагласи потребата од искористување на постојните капацитети во реализација на атрактивен прометиве материјал.

Промоцијата исто така овозможува интензивна соработка и размена на идеи со бизнис заедницата што е уште една придобивка за Општина Македонска Каменица

Целта на оваа Програма е да обезбеди стратешки пристап во организирањето и спроведувањето на кампањи за промоција на Општина Македонска Каменица во текот на 2026 година.

Секоја кампања поради природата на проблемот или темата што ја третира бара поинаков приод, но сите без исклучок бараат креативност со која ќе се поттикне интересот на граѓаните да дознаат нешто повеќе за општината и услугите со кои општината може да им помогне.

Предложен пристап

Тимот на Општина Македонска Каменица за управување со квалитет со кој раководи Градоначалникот. а во него работат раководните државни службеници од одделенијата. ќе ги разгледува предлозите за организирање на кампањи чија цел е промоција на општината во целост или промоција на одредена активност или услуга.

Тимот ќе утврди пристап за промоција на општината за секоја кампања поединечно.

Пристапот ќе се утврдува преку анализа на приоритетите. можностите, целните групи и ефектите што треба да се постигнат со кампањата

ОПИС НА ПРОГРАМАТА

Генерална цел:

Промоција на општината и воспоставување на добра комуникација со граѓаните во прилог на развојот на локална демократија и заедничко делување на планот на развој на локалната заедница во целина

Цели:

• Подготовка и реализација на кампањи за промоција и информирање на јавноста:

• Продлабочување на комуникацијата со сите целни групи на граѓани - корисници на услуги;

Целни групи

- Сите граѓани корисници на услуги
- Здруженија на граѓани
- Бизнис сектор
- Медиуми
- Потенцијални инвеститори
- Туристи и посетители
- Донатори
- Меѓународни организации
- Урбани и месни заедници
- Претставници на збратимени општини и општини пријатели на Македонска Каменица

Активности

Промоцијата и комуникацијата со јавноста ќе ги опфатат следните активности:

• Подготовка и реализација на кампања за услугите што можат да ги добијат во едношалтерската канцеларија

(печатење на флаер, изработка и емитување на тв и радио спот, плакат)

• Подготовка и реализација на кампања за јавна чистота и управување со цврст комунален отпад (реализација и емитување на тв и радио спот, флаер, плакат)

• Подготовка и реализација на кампања за наплата на даноци

(реализација и емитување на тв и радио спот, флаер, плакат);

- Презентации посветени на работата на општината;
- Поставување на инфо киоск во градското подрачје

Треба да се има во предвид дека списокот на активности сублимирани во поимот “промоција" зависи од многу фактори како на пример од видот на активноста што се промовира или целта што сакаме да ја постигнеме што оди во прилог на флексибилноста на програмата

Очекувани резултати

- Интензивирана промоција на општината
- Зголемена информираност на граѓаните
- Зголемено учество на граѓаните
- Зголемен број на проекти со учество на НВО , бизнис секторот и медиумите
- Зголемен број на инвеститори
- Зголемен број на туристи и посетители

Очекувани продукти

- Расположиви брошури и флаери за услугите што граѓаните можат да ги добиЈат во Инфо центарот и едношалтерскиот сервисен центар;
- Расположиви брошури за кампањи одјавен интерес
- Расположиви брошури за манифестации од меѓународно значење;
- Подготвени и емитувани аудио и тв спотови

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Покрај општинскиот тим во организацијата на програмата ќе се вклучат Градоначалникот и Советот на Општина Македонска Каменица кои со свои идеи и решенија можат да придонесат за успешна реализација на програмата.

Сите предложени решенија ќе ги разгледуваат сите учесници за секоја кампања поединечно.

Во кампањите во зависност од околностите ќе бидат вклучени претставници на НВО секторот, бизнис сектор и медиумите.

Развојниот тим ќе ги разгледува ефектите од секоја кампања

ОДРЖЛИВ0СТ

Креативниот пристап. расположливите човечки и технички ресурси и флексибилноста на Програмата оди во прилог на одржпивоста и усовршувањето

Опис	Износ
Подготовка и реализација на кампања за услугите што граѓаните можат да ги добијат (печатење на флаер, изработка на плакат, изработка и емитување на ТВ и радио спот)	10.000,00
Подготовка и реализација на кампања за јавна чистота и управување со цврст комунален отпад (реализација и емитување на ТВ и радио спот, флаер, плакат)	10.000,00
Презентации посветени на работата на општината	30.000,00
Средства потребни за информирање на јавноста преку телевизија, интернет порталите и социјалните мрежи	70.000,00

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето а, ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр. 08-3410/1 **Совет на општина М.Каменица**
29.12.2025 г. **Претседател**
М.Каменица **Злате Алексовски с.р**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Програма

1. Се прогласува Програмата за активностите на општина Македонска Каменица во областа на локален економски развој во 2026 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09- 3411/1 **Градоначалник**
29.12.2025 г. **Соња Стаменкова с.р**
М.Каменица

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија ’’ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024)и член 20 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина Македонска Каменица” бр. 20/2019, 38/20 и 33/24) Советот на општина Македонска Каменица на 4та седница одржана на ден 29.12.2025 година донесе:

ПРОГРАМА
за активностите на општина Македонска Каменица во областа на локален економски развој во 2026 година

Рамка на програмата

Според членот 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа се уредува: „Локалниот економски развој, планирање на локалниот економски развој; утврдување на развојните и структурните приоритети; водење на локална економска политика: поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст, учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство"

Оваа област е предмет на уредување со следните закони:

- Закон за трговија („Сл. весник на РМ” бр. 16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08,20/09,99/09,105/09,115/09, 158/09,36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16,11/2018, 120/2018 и „Сл. весник на РСМ” бр. 103/20, 77/21, 215/21, 295/21, 150/22, 93/23 и 16/25)
- Закон за угостителска дејност („Сл. весник на РМ" бр. 62/04, 89/08, 115/10,53/11, 141/12 ,164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Сл. весник на РСМ” бр.31/20, 111/20, 154/20 и 16/25)

- Закон за туристичка дејност („Сл. весник на РМ" бр. 62/04. 89/08. 12/09, 17/11. 47/11, 53/11, 123/12, 164/13, 27/14, 116/15, 192/15, 53/16 и „Сл. весник на РСМ" бр 31/20, 80/20, 16/25 и 156/25)
- Закон за заштита на потрошувачите („Сл. весник на РСМ" бр. 236/22, 3/25 и 49/25)
- Закон за трговски друштва („Сл. весник на РМ" бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10 24/11, 166/2012, 70/2013, 119/2013. 120/2013, 187/2013,38/2014. 41/2014, 138/2014, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/2018, 120/2018, 195/2018 , 239/2018 и „Сл. весник на РСМ" бр.79/20, 123/20, 290/20, 215/21, 99/22, 272/24 и 191/25).

Горенаведените закони вклучуваат одредби со кои што се уредени одредени надлежности на Општината. По овие одредби потребно е да се предвидат соодветни акти односно активности кои што треба да се донесат односно превземаат. Напорите на Општина Македонска Каменица во 2026 година ќе бидат насочени кон ревидирање на дел од постоечките акти како и донесување на нови, со цел исполнување на надлежностите на локалната самоуправа согласно законските одредби во оваа област.

Развојни приоритети

Програмата за активностите на Општина Македонска Каменица во областа на локалниот економски развој во текот на 2026 година ќе биде насочена кон поддршка на локалниот економски развој според утврдените развојни правци во Стратегијата за локален економски развој. Во 2026 година Општината ќе ги насочи своите активности конподдршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво, поддршка на рурален развој и промоција на алтернативни форми на туризам - како можност за создавање на дополнителни приходи во општината и нови вработувања.

Цел

Основна цел на Програмата е да се даде придонес на локалниот економски развој преку реализација на планираните активности согласно развојните стратешки определби на Општина Македонска Каменица.

Програмски активности

Проектите на Општина Македонска Каменица во областа на локалниот економски развој ќе бидат насочени кон забрзан и динамичен развој на Општината, согласно надлежностите и утврдените развојни и структурни приоритети. За реализација на активностите во 2026 година тековните задачи ќе се однесуваат на воспоставување и ажурирање на интегрирана база на податоци за МСП секторот во општината, давање на консултантски услуги на МСП секторот, организирање на обуки, семинари и работилници за МСП, состаноци со МСП по дејности, посредување при вработување во МСП, како и остварување на контакти и соработка со релевантни домашни и меѓународни организации и институции.

Општина Македонска Каменица ќе се вклучи во организирање на кампањи и саемски промоции за поддршка на активностите за локален и регионален економски развој, поддршка на бизнис секторот и промоција на можности за инвестиции.

Програмата за локален економски развој ќе ја поддржува реализацијата на инвестициските проекти преку активности за промоција на општинските потенцијали, капацитети како и одредени олеснувања кои ги нуди општината за започнување на нови бизниси и привлекување на инвестиции.

Предвидените активности, генерално можат да се групираат во: Поддршка на бизнис сектор за изработка на разни апликации, Изработка на програми и проекти за

енергетска ефикасност, Промотивни материјали за развој на туризам и бизнис водич, можности за учество на саеми.

Финансирање

Предвидените проектни активности во рамки на оваа Програма за ЛЕР износ од 600.000,00 денари средства од Буџетот на Општина Македонска Каменица за 2026 година.

Распоредување на буџетските средства

Активностите од оваа Програма се финансираат со посебна ставка од Буџетот на Општината.

Завршни одредби

Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој го следи реализирањето на предвидените активности во рамки на оваа Програма покренува иницијативи дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето а, ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр. 08-3412/1 **Совет на општина М.Каменица**
29.12.2025 г. **Претседател**
М.Каменица **Злате Алексовски с.р**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Програма

1. Се прогласува Програмата за активностите на општина Македонска Каменица во областа на културата во 2026 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-3413/1 **Градоначалник**
29.12.2025 г. **Соња Стаменкова с.р**
М.Каменица

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија ’’ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 20 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина Манска Каменица” бр. 20/2019, 38/20 и 33/24) Советот на Општина Македонска Каменица на 4та седница одржана на ден 29.12.2025 година донесе:

ПРОГРАМА
за активностите на општина Македонска Каменица во областа
на културата во 2026 година

ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување на активен однос на Советот на Општина Македонска Каменица кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата;

- Сочувување и афирмирање на културниот идентитет на Општина Македонска Каменица

- Презентирање и афирмирање на творци и интерпретатори од областа на културата.

АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина за реализирање на оваа Програма ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целта на оваа Програма и тоа:

- Сочувување на континуитетот на одржување на традиционални културно уметнички манифестации,

- Реализација на манифестации, програми и проекти кои и даваат посебно обележје на Општина Македонска Каменица

- Создавање услови за гостување на еминенти уметници од државата и странство во Општина Македонска Каменица,

- Унапредување на меѓународната културна комуникација врз реципрочна основа со збратимените градови на Општина Македонска Каменица.

Остварување на продуктивна соработка со меѓународни асоцијацииорганизации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедница.

ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средства на Министерството за култура, од Буџетот на Република Северна Македонија, од донации и од Буџетот на Општина Македонска Каменица за 2026 година. При реализирање на Програмата. Советот на Општина Македонска Каменица ќе ги поддржи институциите и здруженијата на граѓани кои ќе реализираат проекти поврзани културата.

Се предвидува поддршка од 8.000,000,00 денари на КИЦ Романса за нејзина годишна културна програма.

Манифестации поддржувани со други форми на активности

Ден на Општината

За 28ми Август Денот на Општина Македонска Каменица се подготвува посебна програма проследена со богата содржини од областа на културата.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето а, ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр. 08-3414/1
29.12.2025 г.
М.Каменица

Совет на општина М.Каменица
Претседател
Злате Алексовски с.р

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Програма

1. Се прогласува Програмата за активностите на општина Македонска Каменица во областа на образованието во 2026 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-3415/1
29.12.2025 г.
М.Каменица

Градоначалник
Соња Стаменкова с.р

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија ’’ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 20 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина Македонска Каменица” бр.20/2019, 38/20 и 33/24) Советот на општина Македонска Каменица на 4та седница одржана на ден 29.12.2025 година донесе:

ПРОГРАМА
за активностите на општина Македонска Каменица во областа на образованието во 2026 година

ЦЕЛИ

Активен однос на Советот на Општина Македонска Каменица кон задоволување на
потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието:

- Планирање на развојот на образованието
- Подобрување на условите за обавување на образовниот процес

АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Македонска Каменица во областа на образованието во 2022 година ќе бидат насочени кон поттикнување. поддржување и помагање за остварување на целите на оваа програма

Ред. Бр.	*Наменска дотација по соодветна програма*	*износ*
1	Основно образование- блок дотација	77.693,000
2	Самофинансирачки- основно образование	400.000,00
3	Самофинансирачки- средно образование	750.000,00
4	Средно образование-блок дотација	35.805,000

ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на образованието утврдени со оваа програма ќе се финансираат од средства на Министерството за образвание и наука, од сопствени приходи на училиштата, од донации и од Буџетот на Општина Македонска Каменица за 2022 година. Планирани средства за стипендии за ученици и студенти е 1.250.000,00 денари, а за набавка на униформи на сите ученици во ООУ„ Св.Кирил и Методиј“ Македонска Каменица износ од 1.200.000,00 денари. Исто така други проекти во оваа програма се: одбележување на почеток на школска година, прогласување на најдобар наставник во основно и средно образование, прогласување на најдобри ученици во основно и средно образование и награди за наставници-ментори за освоени награди од ученици на државни или меѓународни натпревари.

При реализирање на Програмата Советот на Општина Македонска Каменица ќе ги поддржи институциите и здруженијата на граѓани кои ќе реализираат проекти од областа на образованието, финансирани од други инвеститори – заинтересирани партнери, фондации, бизнис секторот и сл.

ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помага образованието се:
Обезбедување стручна техничка и друг вид поддршка со кадри и опрема со која располага општината.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето а, ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр. 08-3416/1
29.12.2025 г.
М.Каменица

Совет на општина М.Каменица
Претседател
Злате Алексовски с.р

С О Д Р Ж И Н А

1. Заклучок за прогласување на Одлука за прогласување на тридневана жалост на подрачјето на општина Македонска Каменица.....стр.1

2. Одлука за прогласување на тридневана жалост на подрачјето на општина Македонска Каменица.....стр.1

3. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на измена и дополнување на Развојните програми на општина Македонска Каменица за 2026 година.....стр.2

4. Одлука за усвојување на измена и дополнување на Развојните програми на општина Македонска Каменица за 2026 година.....стр.2

5. Развојните програми на општина Македонска Каменица за 2026 година.....стр.3-13

6. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на Буџет на општина Македонска Каменица за 2026 година.....стр.14

7. Одлука за усвојување на Буџет на општина Македонска Каменица за 2026 година.....стр.14

8. Буџет на општина Македонска Каменица за 2026 година.....стр.15-100

9. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на сценарио на Буџетот за 2027.....стр.101

10. Одлука за усвојување на сценарио на Буџетот за 2027.....стр.101

11. Сценарио на Буџетот за 2027.....стр.102-111

12. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на сценарио на Буџетот за 2028.....стр.112

13. Одлука за усвојување на сценарио на Буџетот за 2028.....стр.112

14. Сценарио на Буџетот за 2028.....стр.113-122

15. Заклучок за прогласување на Одлука за извршување на Буџетот на општина Македонска Каменица за 2026 година.....стр.123

16. Одлука за извршување на Буџетот на општина Македонска Каменица за 2026 година.....стр.123-131

17. Заклучок за прогласување на Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на административните службеници за 2026 година.....стр.131

18. Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на административните службеници за 2026 година.....стр.131-132

19. Заклучок за прогласување на Буџетски календер за подготовка и донесување на Буџетот на општина Македонска Каменица за 2027 година.....стр.132

20. Буџетски календер за подготовка и донесување на Буџетот на општина Македонска Каменица за 2027 година.....стр.132-134

21. Заклучок за прогласување на Програма за работа на Советот на општина Македонска Каменица за 2026 година.....стр.134

22. Програма за работа на Советот на општина Македонска Каменица за 2026 година.....стр.134-138

23. Заклучок за прогласување на Програма за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти на подрачјето на општина Македонска Каменица за 2026 година.....стр.138

24. Програма за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти на подрачјето на општина Македонска Каменица за 2026 година.....стр.138-142

25. Заклучок за прогласување на Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Македонска Каменица во 2026 година.....стр.142-143

26. Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Македонска Каменица во 2026 година.....стр.143-155

27. Заклучок за прогласување на Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта на подрачјето на општина Македонска Каменица за 2026 година.....стр.155

28. Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта на подрачјето на општина Македонска Каменица за 2026 година.....стр.155-157

29. Заклучок за прогласување на Програма за изградба на водоводна и канализациона мрежа во општина Македонска Каменица во 2026 година.....стр.158

30. Програма за изградба на водоводна и канализациона мрежа во општина Македонска Каменица во 2026 година.....стр.158-159

31. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на Извештај за реализација на Програма за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Македонска Каменица за 2025 година.....стр.160

32. Одлука за усвојување на Извештај за реализација на Програма за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Македонска Каменица за 2025 година.....стр.160-161

33. Заклучок за прогласување на Програма за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Македонска Каменица за 2026 година.....стр.161

34. Програма за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Македонска Каменица за 2026 година.....стр.161-178

35. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на Програма за работа на ТППЕ при општина Македонска Каменица за 2026 година.....стр.178

36. Одлука за усвојување на Програма за работа на ТППЕ при општина Македонска Каменица за 2026 година.....стр.179

37. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на Годишна програма за култура на КИЦ „Романса" Македонска Каменица за 2026 година.....стр.179

38. Одлука за усвојување на Годишна програма за култура на КИЦ „Романса" Македонска Каменица за 2026 година.....стр.179-180

39. Заклучок за прогласување на објавување на јавен повик за пријавување на кандидати за избор на членови на Управен одбор во ЈП„Камена Река" Македонска Каменица.....стр.180

40. Јавен повик за пријавување на кандидати за избор на членови на Управен одбор во ЈП„Камена Река" Македонска Каменица.....стр.180-181

41. Заклучок за прогласување на објавување на јавен повик за пријавување на кандидати за избор на членови на Надзорен одбор во ЈП„Камена Река" Македонска Каменица.....стр.181-182

42. Јавен повик за пријавување на кандидати за избор на членови на Надзорен одбор во ЈП„Камена Река" Македонска Каменица.....стр.182-183

43. Заклучок за прогласување на објавување на јавен повик за пријавување на кандидати за избор на членови на Управен одбор во ЈП„Доминг" Македонска Каменица.....стр.183

44. Јавен повик за пријавување на кандидати за избор на членови на Управен одбор во ЈП„Доминг" Македонска Каменица.....стр.183-184

45. Заклучок за прогласување на објавување на јавен повик за пријавување на кандидати за избор на членови на Надзорен одбор во ЈП„Доминг" Македонска Каменица.....стр.185

46. Јавен повик за пријавување на кандидати за избор на членови на Надзорен одбор во ЈП„Доминг" Македонска Каменица.....стр.185-186

47. Заклучок за прогласување на Решение за формирање на Комисија за селекција за избор на членови на Управен одбор во ЈП„Камена Река" Македонска Каменица и Управен одбор во ЈП„Доминг" Македонска Каменица.....стр.186

48. Решение за формирање на Комисија за селекција за избор на членови на Управен одбор во ЈП„Камена Река" Македонска Каменица и Управен одбор во ЈП„Доминг" Македонска Каменица.....стр.186-187

49. Заклучок за прогласување на Решение за формирање на Комисија за селекција за избор на членови на Надзорен одбор во ЈП„Камена Река“ Македонска Каменица и Надзорен одбор во ЈП„Доминг“ Македонска Каменица.....стр.187

50. Решение за формирање на Комисија за селекција за избор на членови на Надзорен одбор во ЈП„Камена Река“ Македонска Каменица и Надзорен одбор во ЈП„Доминг“ Македонска Каменица.....стр.187-188

51. Заклучок за прогласување на Програма за активностите на општина Македонска Каменица во областа на спорт и млади во 2026 година.....стр.188

52. Програма за активностите на општина Македонска Каменица во областа на спорт и млади во 2026 година.....стр.188-190

53. Заклучок за прогласување на Програма за активностите на општина Македонска Каменица во областа на социјалната заштита во 2026 година.....стр.190

54. Програма за активностите на општина Македонска Каменица во областа на социјалната заштита во 2026 година.....стр.190-192

55. Заклучок за прогласување на Програма за активностите на општина Македонска Каменица за подршка на НВО секторот во 2026 година.....стр.192

56. Програма за активностите на општина Македонска Каменица за подршка на НВО секторот во 2026 година.....стр.192-194

57. Заклучок за прогласување на Програма за работа на Комисијата за родова рамноправност за 2026 година.....стр.194

58. Програма за работа на Комисијата за родова рамноправност за 2026 година.....стр.194-196

59. Заклучок за прогласување на Програма за активностите на општина Македонска Каменица во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2026 година.....стр.196

60. Програма за активностите на општина Македонска Каменица во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2026 година.....стр.196-201

61. Заклучок за прогласување на Програма за активностите на општина Македонска Каменица во областа на локален економски развој во 2026 година.....стр.201

62. Програма за активностите на општина Македонска Каменица во областа на локален економски развој во 2026 година.....стр.201-203

63. Заклучок за прогласување на Програма за активностите на општина Македонска Каменица во областа на културата во 2026 година.....стр.203

64. Програма за активностите на општина Македонска Каменица во областа на културата во 2026 година.....стр.203-205

65. Заклучок за прогласување на Програма за активностите на општина Македонска Каменица во областа на образованието во 2026 година.....стр.205

66. Програма за активностите на општина Македонска Каменица во областа на образованието во 2026 година.....стр.205-206

67. Содржина.....стр.207-211